**УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И АРХЕОЛОГИЈА**

# ТИКВЕШ ВО ПРАИСТОРИЈАТА

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**МЕНТОР**

**Проф. Д-р ДРАГИ МИТРЕВСКИ**

**КАНДИДАТ**

**САШКО ВАСИЛЕВСКИ**

**СКОПЈЕ 2019**

**С О Д Р Ж И Н А**

**1. Вовед ......................................................................................2**
**1.1. Цели и задачи............................................................................2**
**1.2. Праисторија во Р. Македонија (општи карактеристики)..............3**
**1.3. Историјат и степен на истраженост на праисторијата во Тиквеш.........................................................................................10**

**2. Праисториски локалитети во Тиквеш..............................................13**
**2.1. Неолитски локалитети ................................................................13**
**2.2. Енеолитски локалитети...............................................................17**
**2.3. Бронзеновременски локалитети..................................................18**
**2.4. Железновременски локалитети...................................................23**

**3. Културни посебности на праисторијата во Тиквеш..........................29**
**3.1. Неолит.........................................................................................29**
**3.2. Енеолит ......................................................................................34**
**3.3. Бронзено време...........................................................................36**
**3.4. Железно време............................................................................41**

**4. Односот на Тиквеш со соседните географски региони......................46**

**5. Заклучок.......................................................................................53**

**6. Користена литература....................................................................57**

**7. Илустрации....................................................................................63**

**8. Табли............................................................................................66**

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Цели и задачи

Регионот на Тиквешката Котлина претставува посебна геоморфолошка и етнографска целина која го зафаќа централниот дел на Република Македонија. За посебноста и територијалните граници на тиквешкиот регион се има пишувано уште во 19 век, од страна на нашите преродбеници Јордан Х. Константинов Џинот и Ѓорче Петров[1]. Како посебна етнографска целина, регионот на Тиквешијата отсекогаш претставува место за локален културен развој. Тоа е особено изразено во периодите на праисторијата, кога се развиваат големи културни вредности од страна на праисториските заедници кои го населуваат овој регион. Во таа смисла, регионот на Тиквешијата претставува значаен културен центар, кој заслужува да биде третиран, а воедно и истражуван, како посебна етнографска целина.

Покрај тоа што овој регион ја зафаќа територијата на Среден Вардар, со што лесно се поврзува со соседните региони на Горното и Долното Повардарие, сепак, неговата посебност е особено изразена и се разликува од споменатите региони низ сите праисториски епохи. Меѓутоа, ваквата положба овозможила во одредени праисториски периоди овој регион да се развива под изразени културни влијанија на соседните географски региони, но, пред се, прифатени и адаптирани на локалниот вкус и потреби.

Главна причина за изборот на тиквешкиот регион во овој труд претставува недоволниот третман и слабата истраженост на регионот во однос на соседните географски региони, што резултира со запоставување на вистинските културни вредности што овој регион неминовно ги поседува.

За таа цел, во овој труд ќе биде направена една објективна и транспарентна слика за целата праисторија од неолит до железното време, во која ќе бидат обработени сите познати праисториски локалитети и движни археолошки наоди од Тиквешката Котлина. Покрај тоа, како компаративен метод ќе биде искористен целиот праисториски материјал од Македонија и соседството, кој, на било каков начин има сличности или аналогии со праисториските остатоци од Тиквешката

[1] Константиновъ Ј. 1855; Петров Г. 1896, 12

Котлина. На овој начин, сметаме дека ќе се направи една постојна база која непречено ќе може да се надополнува и збогатува во поглед на идните археолошки истражувања.

Потребата од ваква систематизација се должи на досегашните парцијални истражувања на праисториските остатоци во Тиквешијата, вршени за одредени потреби на повеќе истражувачи и научни институции[2]. Во таа насока, опфатен е целиот тиквешки регион вклучувајќи ги општините Градско, Росоман, Кавадарци, Неготино и Демир Капија, како и дваесетина села од нивната околина во кои се откриени материјални остатоци од праисториските заедници.

Иако регионот по течението на реката Раец геоморфолошки и етнографски припаѓа кон Тиквешијата, сепак, во овој труд не беше подложен и во интерес на нашето истражување. Тоа се должи на улогата која ја има раечкиот регион како една од главните комуникациски траси помеѓу Тиквешката Котлина и Пелагонија, и притоа може да се третира како посебна географска целина. Затоа, како граница помеѓу овие региони е избрана Дреновската Клисура, која воедно претставува и природна бариера оградена од високите масиви на клисурата, што илустративно ги дефинира границите помеѓу двете географски целини. Јужната граница е јасно одредена во поглед на разликите помеѓу Тиквешката Котлина и висорамнината Витачево, завршувајќи со Демиркаписката Клисура на крајниот југо – источен дел од котлината. Источната граница е дефинирана од коритото на реката Вардар, а додека северната граница од огранoците на планината Клепа.

## 1.2. Праисторија во Р. Македонија (општи карактеристики)

Терминот праисторија во Република Македонија се однесува на долг временски период од еволуцијата на човекот, што се манифестира низ повеќе илјадници години. Најопшто земено, праисторијата во Р. Македонија може да се следи низ стандардните праисториски периоди, од палеолит (старото камено време), преку неолит (младо камено време), енеолит или халколит (бакарно време), бронзеното време и железното време, или поточно до средината на I милениум пред Христа[3].

[2] Оваа тема е детално обработена во точка 1.3.
[3] Митревски Д. 2013, 84

Епохата на палеолитот претставува најдолгата културна еволуција на човекот која започнува со изработката на првите камени алатки пред околу 2 милиони години и завршува со изразените климатски осцилации на последниот леден период, пред околу 10 000 години. Овој долг временски период е поделен на ран, среден и доцен палеолит, во кои се изразени меѓусебни културни и антрополошки разлики[4]. Во Република Македонија досега се регистрирани и истражувани само локалитетите Макаровец кај Велес и Голема Пешт кај селото Здуње, кои, според пронајдените остатоци се датирани во средниот палеолит[5].

Неолитскиот период е една од најреволуционерните етапи од развитокот на човештвото во која се формираат првите постојани населби на отворено, а се започнува и со одгледување и припитомување на голем дел од животните. Исто така, се започнува и со обработка на земјата и култивирање на повеќето житни растенија. Овој временски период во Р. Македонија траел од околу 6200 до 4200 година пред Христа[6], и воедно е поделен на ран, среден и доцен неолит.

За разлика од слабата истраженост на палеолитот, локалитетите од неолит се многу подобро истражувани. Во текот на педесетите години на дваесетиот век во Р. Македонија се започнува со првите плански археолошки истражувања на неолитот, и досега се регистрирани околу 200 неолитски локалитети од кои на триесетина од нив се вршени одредени археолошки интервенции[7].

Со досегашните истражувања на неолитот во Р. Македонија се афирмирани неколку локалитети како носители на основните културни манифестации во сите фази на неолитскиот период. Во таа смисла, епонимните локалитети Анзабегово и Вршник од Источна Македонија се носители на културната група именувана како Анзабегово – вршничка група на средниот неолит во Р. Македонија. Исто така, епонимните локалитети Велушина и Породин се носители на културната група која се развивала во Пелагонија, позната како Велушко – породинска културна група на средниот неолит. Во доцниот неолит состојбата е веќе изменета, а тоа се должи, пред се, на климатските и хидрографските промени кои ја зафатиле

[4] History of Humanity I. 1996, 196 – 601

[5] Malez M. 1979, 407 – 449; Кузман П. 1993, 9 – 18; Шаламанов Коробар Љ. – Ѓуричиќ Љ. – Крумов И. 2005, 21 – 28

[6] Здравковски Д. 2006, 25 – 32

[7] АКРМ 2. 1996

Македонија во овој период. Во таа смисла, источно од реката Вардар се формираат културните групи Ангелци и Залениково II. Културната група Ангелци главно го зафаќа струмичко – радовишкиот регион и се развива под културни влијанија на Винчанската културна група. Културната група Зелениково II го опфаќа скоро целиот скопски регион каде се јавува една компактност и унифицираност во движниот археолошки материјал во сите доцнонеолитски локалитети од овој регион. Кај локалитетите од доцен неолит во западните делови, поточно во охридскиот регион и во централна и јужна Пелагонија, се забележани изразени источнојадрански културни влијанија, каде за разлика во северните делови на Пелагонија, доминираат културните влијанија од Винчанската културна група[8].

Енеолитот (наречен уште и бакарно време), претставува една од преодните епохи од еволуцијата на човештвото. Овој праисториски период е значаен по топењето и обработката на бакарните руди, со што започнал да се трасира патот од камено во метално време. Овие процеси во Р. Македонија се одвивале во еден долг временски период од околу 4200 до 2800 година пред Христа, кој е поделен на ран и доцен енеолит. Овие промени биле условени од влијанијата и миграциските процеси кои доаѓале од север и североисток, поточно од регионите на Поморавјето до Дунав и карпатските области[9].

Енеолитот во Р. Македонија се развива во рамките на т.н. Бубањ – Салкуца – Криводол комплексот, кој опфаќа една поголема територија од регионот на Олтенија во Романија до Пелагонија и Источна Македонија. Покрај взаемното единство во материјалната култура на целиот културен комплекс, присутни и утврдени се поедини локални културни групи со свои автохтони карактеристики и елементи, кои влечат корени од претходните периоди на доцниот неолит, како и од природните и географските услови на самите локални региони[10]. Во таа смисла, со истражувањата од 1959 година на локалитетите Шуплевец[11] кај селото Долно Ореово и Бакарно Гумно[12] кај селото Чепигово, е издвоена пелагонската група, позната и научно афирмирана како културна група Шуплевец – Бакарно Гумно на

---

[8] Garašanin M. 1979, 84 – 114; Митревски Д. 2013, 101 – 111
[9] Митревски Д. 2013, 132
[10] Tasić N. 1979, 87 – 88
[11] Гарашанин М. – Симоска Д. 1976, 9 - 26
[12] Garašanin M. – Simoska D. 1976, 18 – 25

помладиот енеолит во Р. Македонија. Од друга страна, според истражувањата на локалитетите од источните делови на Р. Македонија, се издвојува Брегалничката културна група на помладиот енеолит, во чии рамки ги опфаќа наоѓалиштата по долините на реките Брегалница и Вардар, како и локалитетите по долините на реките Пчиња на север, до Струмешница на југ[13].

Бронзеното време претставува една значајна пресвртница во развитокот на праисториските заедници во Република Македонија. Во овој период веќе наполно се усвоени придобивките од користењето на металите и веќе целосно се адаптирани на локалниот вкус и потреби. Културниот развиток на бронзеното време е поделен на рано, средно и доцно бронзено време, во кои се одбележуваат неколку моменти врзани за основните бронзеновременски фази. Извесно е дека околу средината на III милениум пред Христа веќе целосно се прифатени новите културни вредности на раното бронзено време, кои се иницирани од новите влијанија од север, како и од прифаќањето на елементи од југоисточните делови на Балканот. Крајот на бронзеновременскиот културен развиток е хронолошки фиксиран и бил насилно инициран од т.н. втор бран на егејски преселби, поточно со навлегувањето на централнобалканските заедници по моравско-вардарската траса, кон Егејскиот Басен[14]. Овие продори се одвивале кон крајот на XII и почетокот на XI век пред Христа, и условиле веќе во следните векови да бидат прифатени новите културни вредности на железното време[15].

Со истражувањата на локалитетите од бронзеното време во Р. Македонија веќе се издвоени и научно афирмирани неколку локални културни групи, кои се развивале во рамките на единствениот т.н. Балканско – подунавски културен комплекс. Во таа смисла, за раните фази на бронзеното време во Пелагонија е издвоена културната група Арменохори, именувана по епонимниот локалитет од близината на Лерин[16]. Во оваа насока треба да се напомене дека со истражувањата од последните години во околината на Пелагонија се повеќе се истакнува локалниот карактер на групата која се врзува исклучиво за пелагонската рамница како затворена геокултурна целина, со што оваа група со право се именува и како

[13] Митревски Д. 2013, 146 – 149
[14] Митревски Д. 2013, 172
[15] Митревски Д. 1997, 25 – 70
[16] Garašanin M. 1983, 463 – 471

Пелагонска културна група[17]. Од друга страна, во скопско – кумановскиот регион е издвоена културната група Пелинце, именувана по карактеристичниот локалитет, населбата и светилиште Градиште во близината на селото Пелинце[18]. За разлика од раните фази, во доцната фаза на бронзеното време во Р. Македонија е издвоена и веќе научно афирмирана повардарската културна група, именувана по селото Уланци, каде се истражувани двата локалитети, некрополата Димов Гроб[19] и населбата Столот[20], кои заедно формираат една инзворедна целина. Оваа група главно го опфаќа регионот по течението на реката Вардар, а успеала да се прошири и на запад до Пелагонија, на север до реката Пчиња и на исток преку Брегалница до реката Струма. Кај оваа културна група се изразени влијанијата од бронзеновременските заедници на Егејскиот Басен, поточно од културите на микенскиот свет[21]. Културниот развитокот на повардарската група бил насилно прекинат со упадите на централнобалканските и подунавските заедници, кои се одвивале некаде кон крајот на XII и самиот почеток на XI век пред Христа. Овие процеси придонесиле за крај на развитокот на бронзеновременските културни традиции и за прифаќање на веќе новите културни вредности на железното време[22].

Железното време го претставува периодот на конечно формирање на првите балкански народи. Како што претходно истакнавме, почетокот на железното време во Р. Македонија е директно условен од немирните настани што го зафатиле Балканскиот Полуостров во претходниот период. Од друга страна, како репер за почетокот на железното време на овие простори се земени промените во урбанизацијата и културната содржина на повеќеслојните населби (Кастанас, Вардино, Вардарофца и Асирос) во егејскиот дел на Македонија. Од извршените анализи на овие локалитети е фиксиран датумот за почеток на железното време некаде кон крајот на XI и почетокот на X век пред Христа. За разлика од тоа, крајот на железното време во Македонија е историски посведочено со владеењето на македонскиот крал Александар I, во првата половина на V век пред Христа.

[17] Митревски Д. 2013, 174 – 177
[18] Трајковска Л. 1999, 47 – 62; Митревски Д. 2013, 177 – 179
[19] Митревски Д. 1997, 32
[20] Видески З. 2008, 38 – 40
[21] Митревски Д. 2013, 183 – 188
[22] Митревски Д. 1997, 25 – 27

Покрај историските настани, во овој период веќе се јавуваат и првите хеленски импорти прифатени од страна на македонската аристократија, со што полека започнуваат да се напуштаат железновременските културни традиции и се прифаќаат новите вредности од егејскиот раноантички културен свет, а со тоа се одбележува и почетокот на првиот историски период на овие простори, познат како раноантичко време[23].

Железното време во Македонија е поделено на три основни развојни фази, поточно на рано, средно (полно) и доцно железно време. Раното железно време го опфаќа периодот од почетокот на X до VIII век пред Христа. Во овој период започнуваат да се прифаќаат културните влијанија кои доаѓаат од регионите на Северозападен Балкан, односно од т.н. халштатски културни средини. Овие влијанија се усвојуваат од локалното население според нивниот вкус и потреби, со што се дава една нова димензија во материјалната култура на железното време во Македонија. Полното железно време е хронолошки одредено од VIII до VI век пред Христа, и се одбележува со културна стабилизација во рамки на истакнување на домашните локални вредности. Во овие стабилни услови е евидентен порастот на населението и јасно е изразена свеста за етнокултурната припадност и културна диференцијација на племнските заедници во Македонија. За доцното железно време веќе истакнавме дека го претставува крајот на праисторискиот културен развиток, кој се бележи со создавање на покрупни заедници и нивно политичко здружување во првите антички држави кои се формирале на овие простори[24].

Остатоци од железното време во Република Македонија се регистрирани во повеќе локалитети, главно некрополи, од типот на рамни некрополи со гробови – цисти и тумули. Како позначајни региони со некрополи од железното време се издвојуваат регионот на Мариово со познатите локалитетите Барата[25] кај село Чаниште, Страгата[26] кај селото Крушевица и Сламите[27] кај селото Рапеш, потоа, Пелагонија со локалитетите Висои[28] кај селото Беранци и Сарај[29] кај селото Брод,

[23] Митревски Д. 2013, 214 – 215
[24] Митревски Д. 1997, 71 – 73
[25] Миткоски А. 1999, 27 – 42
[26] Миткоски А. 2010, 60 – 62
[27] Василева М. 1992, 69 – 80
[28] Митревски Д. 1997, 280 – 281
[29] Митревски Д. 1997, 282 – 283

по долината на реката Брегалница локалитетите Криви Дол[30] кај селото Радање, Орлови Чуки[31] и Горно Поле[32] кај Стар Караорман, Куново Чуки[33] кај Оризари, Тикешински Лозја[34] во Кочани и Кршкански Гумења[35] кај Виница, потоа во Долното Повардарје локалитетите Милци[36] и Сува Река[37] кај Гевгелија, Дедели[38] во Валандово и Лисичин Дол[39] кај селото Марвинци, по Среден и Горен Вардар локалитетите Дабинци[40] кај селото Сопот, Оградa[41] во Орешани и Градиште[42] кај селото Бучинци, како и локалитетите кај охридско - струшките села Требеништа[43] и Радолишта[44], и локалитетите Кумановска Бања[45] кај Куманово и Долинац[46] кај селото Стрновац. Како позначајни населби од железното време вреди да се издвојат локалитетите Исар Марвинци[47], Вардарски Рид[48] кај Гевгелија, Глоска Чука[49] кај селото Грчиште како и Охридската тврдина[50]. Покрај тоа, се откриени и голем број на поединечни наоди од различни региони на Р. Македонија, кои целосно се вклопуваат во веќе поставените хронолошко – културни рамки на железното време во Р. Македонија[51].

## 1.3. Историјат и степен на истраженост на праисторијата во Тиквеш

Во општата слика за истраженост на праисторијата во Р. Македонија може да забележиме дека степенот на истраженост е на многу ниско ниво. Ваквата

30 Гарашанин Д. 1976, 135 – 142; Митревски Д. 1997, 297
31 Нацев Т. – Јованов М. 1996, 45 – 56
32 Санев Г. 1999, 63 – 67
33 Митревски Д. 1990, 59 – 78
34 Георгиев З. 1981, 66 – 79
35 Митревски Д. 1997, 298
36 Хусеновски Б. 2005, 89 – 118
37 Пашиќ Р. 1977, 43 – 56; Ристов К. 1992, 97 – 112
38 Митревски Д. 1997, 290
39 Видески З. 1999, 91 – 112
40 Митревски Д. 1997, 311
41 Митревски Д. 1997, 302 – 303
42 Митревски Д. 1997, 284
43 Маленко В. 1975, 133 – 154
44 Кузман П. 1988, 103 – 110
45 Митревски Д. 1997, 299
46 Станковски Ј. 2006, 93 – 114; Станковски Ј. 2008, 135 – 152
47 Митревски Д. 2013, 217 – 218
48 Митревски Д. и други. 2005
49 Митревски Д. 2010, 127 – 146
50 Кузман П. 2009, 54 – 60
51 Митревски Д. 2013, 215 – 220

состојба е особено изразена кај епохите на палеолит и мезолит. За разлика од тоа, нешто подобро се истражувани само локалитетите од неолитот и железното време. Енеолитот и бронзеното време сеуште не се доволно истражени периоди, но, сепак, со истражувањата во последните години значајно е подигнат степенот на нивната истраженост.

Интересот за проучување на праисториската археологија во Р. Македонија започнува особено да се интензивира во периодот по II светска војна. Во истиот период се вршени неколку истражувања во регионот на Тиквешијата, и притоа се добиени првични сознанија за постоење на неколку праисториски локалитети[52].

Најголем дел од праисториските локалитети во Тиквешката Котлина се регистрирани преку теренските рекогносцирања, а само на еден мал дел од нив се извршени одредени археолошки интервенции. Во таа смисла, во овој кус осврт за степенот на истраженост, ќе бидат претставени само локалитетите на кои веќе се вршени одредени археолошки истражувања.

Информациите од археолошките истражувања со своите веќе објавени или необјавени достапни податоци за пошироката стручна јавност ги претставуваме по хронолошки редослед.

Меѓу најраните истражувања на праисториски локалитети во Тиквешијата се ископувањата на локалитетот Градина кај Демир Капија, вршени во далечната 1948 година од страна на Археолошкиот музеј на Македонија и Филозофскиот факултет од Љубљана, под раководство на словенскиот археолог Јосип Корошец. Иако овие истражувања се одвивале со многу слаб интензитет, сепак се откриени остатоци од еден објект – куќа со наоди од полното железно време[53].

Во следниот период се вршени неколку истражувања на бронзенодопската некропола Водовратски Пат, почнувајќи од 1954 година спроведени од страна на Народниот музеј од Велес и во 1992 година спроведени од страна на Музеј на Македонија од Скопје. При овие истражувања се истражени вкупно 24 гробови од XIII–XII век пред Христа, кои даваат драгоцени податоци за материјалната и духовната култура од крајот на бронзеното време на овие простори[54].

---

[52] АКРМ 2. 1996
[53] Корошец Ј. 1956, 91 – 103
[54] Митревски Д. 1997, 285 – 286

Во 1986 година се извршени сондажни ископувања на неолитската населба Чаковец, спроведени од страна на Музејот на Македонија, под раководство на Воислав Санев. Од прелиминарните податоци се добиени заклучоци дека станува збор за двослојна неолитска населба од ран и среден неолит, која се развивала под нагласено влијание на Велушко – породинските културни традиции[55].

Во 1992 година се вршени заштитни археолошки истражувања на античкиот град Стоби од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и Музејот на Македонија, изведени за потребите при изградба на новата траса на автопатот за Гевгелија. Истражувањата се вршени на просторот западно од градските бедеми, поточно на југозападната римска некропола, каде се откриени погребувања со кремација во урни од преодниот период[56].

Во 1992 година се започнати систематски ископувања на бронзенодопската некропола Димов Гроб, спроведени од страна на Археолошки музеј на Македонија под раководство на Драги Митревски и Златко Видески. Истражувања на локалитетот се вршени во неколку етапи почнувајќи од 1992, 1993, 1994, 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година. Првичните резултати од овие истражувања се објавени во 1997 година[57], а надополнување со нови податоци среќаваме во публикациите од 1998, 2006 и 2008 година[58]. Со досегашните истражувања на овој локалитет се евидентирани и истражени вкупно 125 гробови од XIII–XII век пред Христа, што претставува најтемелно истражувана некропола од доцното бронзено време во Република Македонија[59].

Во 1994 година е вршено сондажно ископување на населбата која се наоѓа на микролокацијата Столот, оддалечена на околу 500 метри јужно од некрополата Димов Гроб. Со овие истражувања е констатирана двослојна населба од крајот на бронзеното време со наоди кои во целост соодестствуваат со гробните прилози од некрополата[60].

Во периодот од 2008 година до денес се вршат археолошки истражувања на бронзеновременската некропола Мали Дол кај селото Тремник, спроведени од

[55] Sanev V. 1987, 39 – 40
[56] Митревски Д. 1997, 313
[57] Митревски Д. 1997
[58] Mitrevski D. 1998; Видески З. 2006; Видески З. 2008, 39 – 42
[59] Митревски Д. 2013, 170 – 185
[60] Митревски Д. 2013, 170; Видески З. 2008, 39

страна на Археолошки музеј на Македонија и Музејот на град Неготино, под раководство на Александра Папазова. Со досегашните истражувања се откриени 75 гробови со инхумирани и кремирани покојници од доцното бронзено време, преодниот период од бронзено во железно време, раното железно време и средниот век[61].

Во 2014 година се извршени неколку рекогносцирања за евидентирање на праисториски локалитети во регионот на Тиквешијата од страна на Филозофскиот факултет од Скопје и притоа се откриени неколку праисториски локалитети. Во таа смисла, во рамките на проектот “Рекогносцирање на праисториски локалитети во Раечката Клисура” е регистрирана неолитска населба на локалитетот Бегово Поле кај селото Дреново, каде се евидентирани површински наоди од среден и доцен неолит, бронзеното време и римскиот период[62]. Во рамките на проектот “Рекогносцирање на праисториски локалитети по течението на реката Луда Мара” е регистрирана енеолитска населба на локалитетот Градиште кај селото Глишиќ, каде се евидентирани површински наоди од ран енеолит. Во рамки на проектот “Рекогносцирање на праисториски локалитети околу Тиквешкото Езеро” е регистрирана населба од железното време на локалитетот Градот кај селото Ресава, каде се евидентирани површински наоди од раното и полното железно време.

[61] Папазова А. 2018, 7
[62] Синадиновски П. 2016, 58 – 59

## 2. ПРАИСТОРИСКИ ЛОКАЛИТЕТИ ВО ТИКВЕШ

### 2.1. Неолитски локалитети




#### 1. Чаковец, село Ресава – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 1 км источно од селото Ресава и се простира на природно возвишение со нерамно плато поставено во правец север – југ, чија јужна страна стрмно се спушта и има отворен поглед кон коритото на Дабнишка Река[63].

Научната јавност првичните податоци за постоење на неолитски културни слоеви на овој локалитет ги добива од извештајот на раководителот Воислав Санев од 1987 година, кога воедно е извршено сондажно ископување.

[63] Санев В. 1996, 157

Ископувањата се вршени во рамките на проектот „Најстарите агломерации од младото камено доба во Македонија”, со цел, добивање на првични податоци за неолитот во Тиквешијата и за воспоставување на извесен однос и граница помеѓу познатите културни групи Велушко – породинската во Пелагонија и Анзабегово – вршничката од Источна Македонија. Иако истражувањата се реализирани во релативно краток временски интервал, тие сепак овозможуваат една скромна слика за животот во неолитот на овие простори.

Според извештајот на раководителот В. Санев, истражувањата се изведени во месец септември 1986 година кога се отворени пет сонди со димензии 4х3 м., поставени на различни делови од локалитетот.

Сондите I, II и III биле поставени на јужната падина од теренот. Во нив е констатиран културен слој од 0.50 м. до 0.70 м., составен од еднолична темносива земја помешана со чакал и ситни дислоцирани фрагменти од неолитска и хеленистичка керамика. Во сондата III биле откриени две длабоки силосни дупки исполнети со камен, животински коски, делови од питоси и фрагменти од керамички садови.

Сондите IV и V биле поставени на југозападниот раб од теренот. Во нив се откриени неколку орудија од камен и коска, накит од камен и морски школки, фрагменти од керамички садови и мал број на антропоморфна пластика. Во сондата V е утврден културен слој од 2 м, во кој се издвојуваат шест наслојувања различни по боја и состав. Во наслојувањата 1, 3 и 5 се евидентирани остатоци од подови, лепеж и други движни наоди[64]. Наодите се чуваат во Археолошкиот музеј на Македонија.

## 2. Бегово Поле, село Дреново – населба

Локалитетот се наоѓа на 2,7 км североисточно од селото Дреново и се простира на една тумба од десната страна на коритото на Раечка Река, на околу 700 метри пред вливот на реката Раец во Црна Река.

Локалитетот за прв пат е регистриран во 2014 година од страна на Сашко Василевски и Перо Синадиновски при теренските рекогносцирања спроведени во рамките на проектот „Рекогносцирање на праисториски локалитети во Раечката

[64] Sanev V. 1987, 39 – 40

клисура". На просторот од 250 х 250 метри е регистрирана поголема количина на неолитска фрагментирана керамика, керамички макари, неколку камени и кремени орудија како и една антропоморфна мермерна фигурина. Најголемата концентрација на наоди е забележана во централниот дел на тумбата. Наодите се чуваат во Музејот на Филозофскиот Факултет во Скопје[65].

### 3. БуевиНиви, село Дрен – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 200 метри источно од селото Дрен и се простира на природно возвишение со издолжено и зарамнето плато кое се наоѓа во непосредна близина на Дренска Река. При теренски рекогносцирања била регистрирана фрагментирана неолитска керамика во која доминирала керамиката украсена со барботин – техника на украсување. Најголема концентрација на керамика била забележана во централниот дел на платото[66].

### 4. Белата Земја, село Пепелиште – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 2 км југозападно од селото Пепелиште и се простира во рамницата непосредно до коритото на реката Вардар, каде при теренските рекогносцирања биле откриени фрагменти од неолитска керамика, куќен лепеж и алатки од камен и кремен[67].

### 5. Ѓорева Ливада, село Црвени Брегови – населба

Локалитетот се наоѓа на 2.5 км западно од селото Црвени Брегови, каде на простор од 350 х 200 метри по површината на земјата биле регистрирани фрагменти од неолитска керамика, во кои доминирала монохромно црната керамика со мазнета површина[68].

[65] Синадиновски П. 2016, 55 – 66
[66] Микулчиќ И. 1996, 231
[67] Винчиќ Ж. 1996, 235
[68] Микуллиќ И. 1996, 236

### 6. Грамаѓе, село Рибарци – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 2 км источно од селото Рибарци, каде по површината на земјата биле регистрирани фрагменти од неолитска керамика со фина фактура и црвена боја во основата, фрагменти со груба фактура украсени со барботин техника на украсување како и алатки од камен и кремен[69].

### 7. Влакно, село Курија – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 1 км јужно од селото Курија и се простира на висок рид со доминантна положба од десната страна на Куријачка Река. При изградбата на далноводот се откриени фрагменти од керамички садови со црна и црвена монохромна боја украсени со импресо техника на украсување, како и алатки од камен и кремен. Наодите се чуваат во Музејот на град Неготино[70].

### 8. Грамада, село Глишиќ – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 1 км. јужно од селото Глишиќ и се простира на една падина што благо се спушта кон реката Луда Мара. Во нивите што се наоѓаат помеѓу патот и реката биле регистрирани фрагменти од неолитска керамика, како и орудија од камен и кремен. Наодите се чуваат во Музејот и галерија Кавадарци[71].

### 9. Главје, село Водоврати – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 500 метри североисточно од селото Водоврати и се простира на една падина со површина од 0.4 хекрати, која благо се спушта кон десниот брег на Водовратска Река. При теренските рекогносцирања кои се вршени од страна на Музејот на град Велес се откриени фрагменти од керамички садови со груба и фина фактура, како и неколку фрагменти со сликана декорација[72].

---

[69] Винчиќ Ж. 1996, 157
[70] Микулчиќ И. 1996, 234
[71] Јосифовска Б. 1996, 146
[72] Петачки Ѓ. 1996, 63

## 2.2. Енеолитски локалитети




### 1. Градиште, село Глишиќ – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 400 метри северно од селото Глишиќ и се простира на доминантно природно возвишение со нерамно плато кое стрмно се издига од десна страна на реката Луда Мара. Платото на врвот е поставено во правец север-југ и зафаќа површина од околу 3 хектари.

Во 1989 година е извршено теренско рекогносцирање од страна на Музејот на град Кавадарци и притоа биле регистрирани фрагменти од керамички садови од раноантичко и римско време, како и други археолошки наоди. Покрај тоа, биле регистирани и поголеми грамади од градежен материјал и фрагменти од архитектонска и скулптурална пластика. Наодите се чуваат во Музејот и галерија Кавадарци[73].

Во 2014 година се вршени теренски рекогносцирања од страна на Сашко Василевски и Јовица Ристов. Истражувањата се спроведени во рамки на проектот

[73] Винчиќ Ж. 1996, 146

“Рекогносцирање на праисториски локалитети по течението на реката Луда Мара”, и притоа по површината од земјата се регистрирани повеќе енеолитски наоди во кои доминираат фрагментите од енеолитска керамика, како и камените и кремените алатки. Овие наоди се чуваат во Музејот на Филозофскиот факултет во Скопје.

**2. Бегова Падина, Кавадарци – населба**

Локалитетот се наоѓа на околу 4 км источно од градот Кавадарци и се простира на една блага падина каде на простор од околу 300 х 100 метри биле откриени фрагменти од керамички садови со фина и груба фактура како и орудија од камен и кремен. Наодите се чуваат во Музејот и галерија Кавадарци[74].

## 2.3. Бронзеновременски локалитети




[74] Винчиќ Ж. 1996, 150

1. **Градиште, село Тремник – населба**

Локалитетот се наоѓа на околу 1 км. северно од селото Тремник и се простира на една природна височина со зарамнето пространо плато, каде по површината од земјата биле регистрирани повеќе фрагменти од керамички садови, претежно со груба фактура[75].

2. **Св. Илија, село Виничани – населба**

Локалитетот се наоѓа во атарот на селото Виничани, поточно од десната страна на патот што води за Градско. Населбата се простира на природна височинка со зарамнето плато каде се сочувани остатоци од одбрамбен бедем што зафаќа простор од околу 3 хектари. При теренски рекогносцирања на локалитетот биле регистрирани фрагменти од керамички садови од бронзеното време[76].

3. **Хусков Рид, село Манастирец – населба**

Локалитетот се наоѓа на северната страна од селото Манастирец, на висок рид, каде во профилот бил регистриран културен слој во кој се откриени фрагменти од керамички садови со фина и груба фактура. Наодите се чуваат во Музејот и галерија Кавадарци[77].

4. **Столот, село Уланци – населба**

Локалитетот се наоѓа на околу 1,5 км јужно од селото Уланци, поточно на 150 метри од левата страна на патот кој води за селото Цимидирци. Населбата се простира на висок рид со доминантна позиција кој високо се издига од левиот брег на реката Вардар. На врвот од ридот има зарамнето плато со димензии 80 x 25 метри каде се забележани остатоци од фортификација и површинска керамика.

Во 1994 година е извршено сондажно ископување на простор од 100 м2 поставено во северозападниот дел на платото. Во сондите биле откриени остатоци од објект со повеќе простории од хеленистички период како и две праисториски наслојувања со археолошки материјал од XIII до XII век пред Христа. Овие наоди

[75] Микулчиќ И. 1996, 235
[76] Петачки Ѓ. 1996, 62
[77] Винчиќ Ж. 1996, 153

во целост соодвестуваат на гробните прилози од некрополата Димов Гроб која е оддалечена на околу 500 метри северно од овој локалитет. Наодите се чуваат во Археолошкиот музеј на Македонија во Скопје[78].

## 5. Димов Гроб, село Уланци – некропола

Локалитетот се наоѓа на околу 1 км јужно од селото Уланци, поточно во месноста викана Ветерница, и се простира на завршниот венец од ритчестиот регион Криволак кој стрмно се издига од левиот брег на реката Вардар.

Теренски рекогносцирања се вршени во 1982 година од страна на Музејот на Македонија од Скопје и притоа на патот кој води за селото Цимидирци се забележани камени плочи од гробни конструкции од типот циста. Во еден од гробовите биле откриени лошо сочувани остеолошки остатоци, две бронзени спирални обетки, фрагменти од салтелеон, мониста од кафеава стаклена паста и фрагменти од керамички сад со сиво – кафеава боја декориран со две врежани линии[79].

Систематски археолошки истражувања на некрополата се започнати во 1992 година од страна на Музејот на Македонија под раководство на Драги Митревски и Златко Видески. Истражувањата се одвивале во неколку етапи почнувајќи од 1992, 1993 и 1994 година, а потоа продолжиле во 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година.

Според извештајот на раководителот Златко Видески, некрополата се наоѓа во суводолица која е поделена на два дела, кои при истражувањата се издвоени на две посебни целини означени како Срт 1 и Срт 2. Во периодот од 1992 до 2005 година се вршени истражувања во целината означена како Срт 1 и притоа се истражени вкупно 117 погребувања од крајот на бронзеното време, нумерирани од Гроб 1 до Гроб 96 и од Гроб 103 до Гроб 123. Во 2005 година се започнати истражувањата во целината Срт 2 каде се откриени 6 погребувања од доцното бронзено време, нумерирани од Гроб 97 до Гроб 102[80].

---

[78] Митревски Д. 1996, 82
[79] Митревски Д. 1996, 82
[80] Видески З. 2008, 38 – 39

## 6. Водовратски Пат, село Водоврати – некропола

Локалитетот се наоѓа на околу 2.5 км западно од селото Водоврати, односно на патот кој води од Градско за селото Водоврати, каде се констатирани остатоци од растурени гробни конструкции – цисти од камени плочи. Истражувања на локалитетот се вршени во 1954 година од страна на Народниот музеј од Т. Велес и во 1992 година од страна на Музејот на Македонија од Скопје. Со овие истражувања се откриени вкупно 24 гробови од XIII–XII век пред Христа[81].

## 7. Мали Дол, село Тремник – некропола

Локалитетот се наоѓа на околу 1 км јужно од селото Тремник, односно на просторот од левата страна на Прждевска Река. Некрополата е случајно откриена во 2008 година од страна на Пео Колев кој при изградба на штала открил камени конструкции и две бронзени игли, кои ги пријавил во Музејот на град Неготино.

Во 2009 година се започнати систематски археолошки истражувања на некрополата од страна на Археолошкиот музеј на Македонија и Музејот на град Неготино, под раководство на Александра Папазова. Досега се истражени вкупно 75 погребувања од кои 62 припаѓаат на постарата некропола од доцното бронзено, преодниот период и раното железно време, а додека останатите 13 гробови на средновековната некропола.

Според извештајот на раководителот Александра Папазова, од најстарата фаза на некрополата се констатирани осум реда на погребувања. Откриените гробови се дел од западната периферија на некрополата, која се шири кон исток и кон југ. Источната граница на некрополата се следи до врвот на ридот, каде што на површината се видливи бројни остатоци од растурени гробови. Северната граница се наоѓа на јазичестиот испуст на падината, а додека на западната страна не се откриени гробови. Единствено јужната граница на некрополата не е јасно определена. Ориентацијата на гробовите е северозапад-југоисток, со извесни отстапувања кај одделни гробови во правец запад-исток. Кај сите гробови е регистриран ритуал на погребување со инхумација, при што покојниците се

[81] Митревски Д. 1997, 285 - 286

положени во згрчена положба. Според гробните прилози, овие погребувања се датираат во средината на XII век пред Христа[82]

Помладата фаза на погребувања се карактеризира со појава на новини во ритуалот на погребувањето, односно се јавува погребување со кремација во урни од кои досега се истражени вкупно 16 погребувања. Интересна е стратиграфската поставеност на урните во однос на гробовите-цисти, каде најчесто нивната позиција не се поклопува со цистите. Појавата на урната – гроб 41 врз гробот-циста – гроб 42, го потврдува постоењето на две фази во рамките на некрополата. Погребувањата во урни имаат едноставни гробни конструкции, јами вкопани во здравицата, без посебни обележја и ретко оградени со камења или плочи од камен. Овие погребувања, според движниот археолошки материјал откриен во нив, се датирани во XI – X век пред Христа[83].

Посебна појава во оваа некропола претставуваат неколкуте погребувања во гробови – јами во кои е забележана промена во ритуалот на погребувањето, односно, наместо покојникот да е положен во згрчена положба, тој е во пружена положба. Досега се откриени вкупно три вакви гробови и врз основа на малкуте предмети откриени како гробни прилози е констатирано дека датираат од првата половина на X век пред Христа[84].

## 8. Стоби – Југозападна некропола, Градско – некропола

Локалитетот се наоѓа во реонот на античкиот град Стоби на просторот југозападно од градските бедеми, поточно на крајните јужни делови од големата Западна римска некропола на Стоби. Некрополата се простира на блага пространа падина на најниската тераса од левиот брег на Црна Река. На истиот простор во раноантичко и римско време биле градени различни објекти од инфраструктурата на градот Стоби, а со тоа бил уништен и поголемиот дел од бронзеновременската некропола.

Заштитни археолошки ископувања се вршени во 1992 година од страна на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и Музејот на

[82] Папазова А. 2018, 9 – 16
[83] Папазова А. 2018, 9 – 16
[84] Папазова А. 2018, 6 – 16

Македонија, за потребите при изградба на новата траса на автопатот за Гевгелија, кога бил зафатен просторот западно од градските бедеми на Стоби, односно просторот на југозападната римска некропола, и притоа е регистрирана некропола со спалени покојници во урни положени во јами вкопани во здравицата на теренот, од кој се откриени само долните делови од поедини урни, остатоци од гробните прилози и од ритуалните дејствија, без можност да се издвои определена гробна целина[85].

## 2.4. Железновременски локалитети




[85] Митревски 1997, 313

## 1. Градот, село Ресава – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 2 км западно од селото Ресава и ја зафаќа целата површина на Големиот остров во Тиквешкото Езеро. Езерото е настанато со градење на насипна брана на Црна Река во близината на селото Возарци во 1967 година, а со тоа е потопен и еден дел од локалитетот. Пред да се започне со полнење на езерото, локалитетот се простирал на висок рид со зарамнето плато, кој на западната страна високо се издигал над коритото на Црна Река.

Сондажни ископувања на локалитетот се вршени во 1959, 1961, 1967 и 1968 година под раководство на Апостол Керамитчиев и Иван Микулчиќ и притоа се отворени неколку сонди на различни места од локалитетот каде во вертикалните профили на сондите биле регистрирани наслојувања од раноантички, римски и средновековен период[86].

Иако од сондажните ископувања досега не се регистрирани праисториски наслојувања, сепак преку теренските рекогносцирања се откриени неколку праисториски наоди. Рекогносцирања се вршени во 1989, 1990, 1991 и 1992 година од страна на Музејот и галерија Кавадарци и при овие истражувања е откриена една неолитска антропоморфна фигурина. Наодот се чува во Музејот и галерија Кавадарци[87].

Во 2014 година во рамки на проектот "Рекогносцирање на праисториски локалитети околу Тиквешкото Езеро" се извршени теренски рекогносцирања од страна на Сашко Василевски и Јовица Ристов, и притоа на површината од земјата се регистрирани повеќе фрагменти од керамички садови од полното железно време на кои се среќава декорација изведена со назабено тркалце – радло или со врежување на линеарни мотиви. Покрај тоа, се откриени една бронзена топка која била составен дел од некој поголем композитен предмет, најверојатно како дел од бронзените пиксиди т.н. афионски чашки, како и еден керамички пршлен. Освен предметите од железното време, е регистриран и еден неолитски амулет изработен од камен. Наодите се чуваат во Музејот на Филозофскиот факултет во Скопје.

[86] Mikulčič I. Keramitčiev A. 1967, 185 - 186; Микулчиќ И. 1996, 204 – 206

[87] Јанев Т. Весна Ѓ. 2003

## 2. Градина, Демир Капија – населба

Локалитетот се наоѓа на јужната периферија од градот Демир Капија и се простира на природно возвишение од десната страна на реката Вардар, непосредно пред местото каде почнува да се издига масивот на Демиркаписката Клисура. Заштитни археолошки истражувања се вршени во далечната 1948 година од страна на Археолошкиот музеј на Македонија, под раководство на словенскиот археолог Јосип Корошец.

Според извештајот на раководителот Јосип Корошец направени се две сондирања поставени на различни места од локалитетот. Во поголемиот дел од вертикалните профили кај двете сондирања се регистрирани пореметувања од ерозија што настанала од стрмната падина, а само мал дел од долните наслојувања се откриени во изворна положба.

Од праисториски аспект е значајна само првата сонда, каде е регистриран културен профил од околу 3 метри, составен од четири наслојувања различни по боја и состав. Во првите три наслојувања било констатирано пореметување од ерозија и во нив е откриена керамика од римски и антички период, како и поголема количина на камења со разна големина. Четвртото наслојување има сивкасто – кафеава боја и во него е откриена садова керамика и три камени пршлени од железно време. Во ова наслојување не е забележано пореметување од ерозија и се наоѓа веднаш над здравицата која е составена од шлуњак, песок и конгломерат помешан со глина. Праисторискиот слој е со дебелина од 25 см, а на некој места достигнува и до 80 см. Овој слој не е регистриран во должината на целиот профил, туку е лимитиран само на одредена негова површина. Покрај праисториска керамика, во овој слој се откриени елементи од куќа од која се сочувани делови од лепежот, подот кој направен е од набиена земја и едно огниште кое е целосно сочувано, како и седум јами за колци поставени во хоризонтална линија со должина од 2,60 метри кои биле вкопани во самата здравица. Куќата е најверојатно уништена во пожар, на што укажува откриениот јаглен по целата површина, како и деформирањето на неколку фрагменти од праисториската керамика[88].

[88] Корошец Ј. 1956, 91 – 94

### 3. Моклишко Кале, село Ваташа – населба

Локалитетот се наоѓа на околу 3 км јужно од селото Ваташа во непосредна близина на Моклишкиот манастир Св. Никола. Населбата се простира на висок рид со поволна стратегиско географска позиција која високо се издига од левата страна на реката Луда Мара.

Во 1989 година е извршено теренско рекогносцирање од страна на Виктор Лилчиќ и притоа е регистрирана утврдена населба од доцноантичко време со површина од 250 х 200м каде по површината од земјата се откриени фрагменти од железновременска и доцноантичка керамика, голема количина на градежен материјал, како и делови од архитектонска пластика (база и капител). Наодите се чуваат во Музејот и галерија Кавадарци[89].

Покрај тоа, како случаен наод од овој локалитет потекнува и едно култно бронзено бокалче кое припаѓа во групата на Македонско – пајонски бронзи[90].

### 4. Амидеа, село Ваташа – населба

Локалитетот се наоѓа на источниот раб на селото Ваташа и се простира на природно возвишение од десниот брег на реката Луда Мара, каде по површината на земјата биле регистрирани фрагменти од рачно работени керамички садови со груба фактура[91].

### 5. Градиште, село Шешково – населба

Локалитетот се наоѓа на утоката на реката Дреновица во Црна Река и зафаќа површина на еден висок рид со зарамнето плато, каде се регистрирани фрагменти од керамички садови од железно, раноантичко и римско време, како и грамади од градежен материјал и дел од трасата од темелите на бедемот[92].

### 6. Богдашна Глава, село Прждево - населба

[89] Лилчиќ В. 1989, 124
[90] Георгиева В. 2001, Кат. Бр. 1
[91] Винчиќ Ж. 1996, 144
[92] Микулчиќ И. 1975б, 193

Локалитетот се наоѓа на 2 км североисточно од селото Прждево и зафаќа површина на еден висок рид со зарамнето плато и правоаголен облик, каде по површината биле регистрирани фрагменти од рачно работени керамички садови со груба фактура[93].

7. **Шесте Куќи, село Тремник - некропола**

Локалитетот се наоѓа на околу 1 км западно од селото Тремник, поточно на патот што води за селото Долни Дисан. При обработка на нивите од страна на Н. Василев е случајно откриен еден гроб со конструкција од големи монолитни плочи во кој се најдени неколку гробни наоди од железното време[94].

8. **Некропола 1, Демир Капија – некропола**

Локалитетот се наоѓа во центарот на градот Демир Капија во близина на железничката пруга, каде во 1947 година е случајно откриена рамна некропола со скелетни погребувања во која се откриени неколку гробови, од кои само за два од гробовите се познати оскудни податоци[95].

9. **Некропола 2, село Будур Чифлик – некропола**

Локалитетот се наоѓа на 1 км западно од градот Демир Капија, поточно на стариот пат кој води кон електричната централа Дошница, во пределот на селото Будур Чифлик. Во 1947 година е случајно откриен еден детски гроб во кој е констатирано скелетно погребување во гробна конструкција која е изработена од големи шкрилести плочи и од горната страна покриен со голема камена плоча. Гробот е поставен во правец исток – запад, со отстапка од околу 30° кон север. Во гробот е констатирано скелетно погребување од кое се сочувани само мал дел од остеолошките остатоци и повеќе движни археолошки наоди[96].

---

[93] Микулчиќ И. 1996, 235
[94] Георгиев З. 1987, 117 - 134
[95] Корошец Ј. 1956, 103
[96] Корошец Ј. 1956, 103 – 104

# 3. КУЛТУРНИ ПОСЕБНОСТИ НА ПРАИСТОРИЈАТА ВО ТИКВЕШ

## 3.1. Неолит

Со оглед на слабата истраженост на неолитските локалитети во Тиквешката Котлина, многу малку информации се познати за населбите, особено за нивната организација и урбанизација, како и за начинот на изработка на објектите и на недвижните археолошки остатоци воопшто. Регистрираните фрагменти од лепеж на локалитетите Чаковец и Белата Земја навестуваат дека дел од објектите се изработувани од лепеж, кој воедно претставува главен материјал за изработка на неолитските куќи и недвижниот куќен инвентар скоро во сите неолитските локалитети во Република Македонија[97].

Од страна на движните археолошки остатоци во Тиквешијата најмногу се застапени предметите изработени од керамика. Според обликот и фактурата на неолитската керамика јасно се издвојуваат неколку карактеристични форми на рачно изработени керамички садови каде се среќава декорација изведена во различни техники на украсување.

Во керамичкиот материјал од локалитетот Бегово Поле како најзастапена форма на садови се јавуваат конусните чинии со зашилено устие кон врвот. Сите примероци се работени од добро прочистена глина без примеси, со необработена или мазнета површина во различни нијанси на црвена, црна, кафеава или сива боја (**TI. 1–5; TII. 1–2**). Топчестите садови се издвојуваат со неколку варијанти кои се разликуваат според устието на садот. Кај неколку примероци устието е зашилено и вовлечено кон внатрешната страна, а кај останатите устието се јавува како заоблено и извлечено кон надвор. Овие садови најчесто се изработени од прочистена глина без примеси и имаат добро измазнета површина во црна или црвеникава боја (**TII. 3–5; TIII. 1–3**). Биконусните садови се издвојуваат со два типа кои се разликуваат според работ на средината од садот кој се јавува како нагласено остар или заоблен. Сите примероци се изработени од добро прочистена глина, со сјајно мазнета површина во црна или црвена боја, а еден примерок е декориран со мали вдлабнатини по средишниот раб од садот (**TIII. 4–5**). Кај

[97] Канзурова Е. 2011

садовите со отворен и висок врат се јавува зашилено или заоблено устие извлечено кон надвор. Овие садови се изработени од непрочистена глина со примеси на песок и ситни камчиња кварц и имаат добро измазнета површина во црвена, црна, сива или кафеава боја, а неколку примероци се премачкувани со црвен или црн премаз (**TIV. 1–5**). Големите садови со отворено устие се карактеризираат со заоблено или зашилено устие кое се прекршува кон надвор. Сите примероци се изработени од недоволно прочистена глина со примеси на крупен песок и најчесто со добро измазнета површина во окер боја, а неколку примероци се премачкани со редок црн премаз (**TV. 1–5)**. Садовите со издолжено тело се изработени од делумно прочистена глина или од недоволно прочистена глина со примеси на ситен песок, најчесто со сјајно мазнета површина во црна боја, а неколку примероци се премачкани со кафеаво – црн премаз (**TVI. 1–4**). Од пехарите на висока нога е регистриран еден примерок од кој е сочувано само дното и дел од средишниот ѕид на садот. Овој предмет е изработен од добро прочистена глина со сјајно измазнета површина во окер боја (**TVI. 5**). Од страна на керамичките макари е регистриран еден примерок кој има цилиндрична форма со мало здебелување на крајните завршетоци. Овој предмет е изработен од недоволно прочистена глина со примеси на крупен песок и кварц (**TXI. 2**). Од фрагментите на држалки од керамичките садови се регистрирани повеќе форми кои според обликот можат да се поделат на триаглести со брадавичеста апликација, вертикални тунелесто продупчени, топчести, брадавичести, дугмасти и лентести држалки. Според технологијата на изработка се работени од добро прочистена глина или од недоволно прочистена глина со примеси на ситни зрна песок (**TVII. 1–8**)[98].

Од страна на В. Санев, керамичкиот материјал од локалитетот Чаковец е издвоен на осредна и фина керамика. Осредната керамика ја сочинуваат различни форми на топчести садови, грниња и питоси, најчесто со мазнета површина, во основа со темносива и кафеава боја. Фината керамика има значително добра фактура и тенки ѕидови, каде се издвојуваат неколку варијанти на конусни и заоблени чинии и паници, со сјајно измазнета површина, најчесто во црвена боја

[98] Во оваа пригода изразувам благодарност до Перо Синадиновски за отстапениот археолошки материјал од локалитетот Бегово Поле

со нијанси од вински талог до светлорозеникава. Од техники на украсување кај оваа керамика се користени мазниот сјаен премаз и барботинот, а кај неколку примероци се присутни боцкани орнаменти и плитки канелури[99].

Со теренските рекогносцирања на неолитските локалитети во Тиквешката Котлина се регистрирани повеќе движни наоди во кои доминираат фрагментите од садова керамика украсени со разни техники на украсување. Во таа смисла, на локалитетот Грамаѓе е издвоена керамика со фина фактура и црвена боја во основата, како и керамика со груба фактура украсена со барботин техника на украсување[100]. Слична ситуација е забележана и на локалитетот Буеви Ниви каде доминира керамиката украсена со барботин техника на украсување[101]. Од друга страна, на локалитетот Влакно е регистрирана монохромна керамика со црна и црвена боја украсена со импресо техника на украсување[102]. На локалитетот Ѓорева Ливада најмногу е застапена монохромно црната керамика со убаво мазнета површина[103], а на локалитетот Главје е издвоена керамика со груба и фина фактура во која се присутни и неколку фрагменти со сликана декорација[104].

Покрај предметите со утилитарна намена, на неолитските локалитети во Тиквешијата се откриени и неколку антропоморфни фигурини. Сите примероци се најдени надвор од контекст и нивната датација е одредена исклучиво според нивната типолошка определба.

На локалитетот Бегово Поле е откриена една антропоморфна фигурина изработена од бел ситнозрнест мермер. Од фигурината е сочуван само долниот дел до половината во висина од 7,5 см., каде е претставена женска фигурина во исправена положба со залепени нозе и добро нагласени колкови. Од предната страна е прикажано мало „V” со врежување кај гениталната зона, а на бочните страни од нозете е прикажана декорација со врежување по две мали кружни дупчиња (**TXI. 6**).

Иако при сондажните ископувања на локалитетот Градот кај селото Ресава не е регистриран неолитски културен слој, сепак, преку теренски рекогносцирања

[99] Sanev V. 1987, 40
[100] Винчиќ Ж. 1996, 157
[101] Микулчиќ И. 1996, 231
[102] Микулчиќ И. 1996, 234
[103] Микуллиќ И. 1996, 236
[104] Петачки Ѓ. 1996, 63

е откриена една теракотна антропоморфна фигурина, која, според авторите е датирана во доцен неолит. Станува збор за минијатурна фигурина со висина од 7,5 см, изработена од печена земја и поставена во исправена положба, со широко отворени раце и крајно стилизирано лице со благо нагласени нос и уши[105] **(TXI. 5)**.

Исто така, една антропоморфна фигурина датирана во доцен неолит е откриена и на античкиот град Стоби. Таа била случајно откриена во губрето исфрлено од познатата куќа на Перистерија. Оваа фигурина е столбеста со рамна база и со торзо на кое е нанесен папокот, има кратки перфорирани раце и глава со зашилен нос и длабоко врежани очи[106] **(TXI. 7)**.

Како случаен наод од околината на Демир Капија потекнува една антропоморфна фигурина, за која, авторот на трудот смета дека таа најверојатно не припаѓа на неолитскиот период. Фигурината е изработена од печена земја и има претставено испакнати кружни очи, нос и отворени кратки раце[107] **(TXI. 8).** Според нејзиниот облик, таа сепак покажува сличности со дел од фигурините од неолитот[108].

Еден фрагмент од антропоморфна фигурина изработена од печена земја е регистриран и на локалитетот Чаковец, кој е откриен при ископувањата во 1986 година, при што не е даден нејзиниот опис или контекстот на пронаоѓање[109].

Од страна на предметите изработени од камен на неолитските локалитети во Тиквешката Котлина се регистрирани неколку различни форми на орудија и оружја, како и ред други утилитарни, украсни и култни предмети.

Од камените алатки на локалитетот Бегово Поле како најзастапена форма се издвојуваат кремените ножиња, камените секирки и пршлени. Кремените ножиња се присутни во пет примероци кои се изработувани од различен делкан камен со различна боја и цврстина. Сите примероци имаат издолжено правоаголна форма со плоскато тело и изразено остри ивици по бочните страни **(TIX. 8–12)**. Камените секирки од овој локалитет најчесто се изработени од црн

[105] Јанев Т. Ѓорѓиева В. 2003, Кат. Бр.1
[106] Наумов Г. 2014, 84, Т17. 2
[107] Корошец Ј. 1956, 102; Наумов Г. 2014, Т17. 1
[108] Наумов Г. 2014, 83
[109] Камчевски П. 2005, 15

камен и се среќаваат во различни димензии и форми. Според обликот се издвојуваат на трапезоидни или правоаголно издолжени кои се шират кон сечилото и имаат заоблено – зарамнет или зашилен врат со добро измазнета површина **(TVIII. 1–6)**. Од страна на камените пршлени се регистрирани три примероци кои се изработени од бел мермер во кружна форма со мал отвор во средината. Се среќаваат со плоскато или широко тело и со добро измазнета површина (**TX. 1–3**).

На локалитетот Чаковец се издвојуваат неколку различни форми на орудија во кои спаѓаат кремените ножиња, камените секирки и пршлени. Кремените ножиња се присутни во три примероци кои се изработени од различен делкан камен со различна боја и цврстина. Сите примероци имаат издолжено правоаголна форма со плоскато тело и со изразено остри ивици на бочните страни **(TIX. 5–7)**. Камените секирки се присутни во четири примероци кои се изработени од црн и сивкасто – бел камен во различни димензии. Според обликот се издвојуваат на правоаголно издолжени со зарамнет или малку зашилен врат и со добро измазнета површина **(TIX. 1–4)**. Од страна на камените пршлени се откриени три примероци кои се изработени од бел мермер и според обликот имаат кружна форма со мал отвор на средината. Се среќаваат во различни димензии со плоскато или широко тело и со добро измазнета површина (**TX. 4–6**)[110].

Алатки изработени од камен во кои доминираат кремените ножиња и камените секирки се регистрирани и на локалитетите Белата Земја, Грамаѓе, Влакно и Грамада[111].

Како што напоменавме претходно, при ископувањата на локалитетот Градот кај селото Ресава не се регистрирани неолитски културни слоеви. Сепак, како површински наод при теренските рекогносцирања од 2014 година е откриен еден неолитски амулет изработен од сивкасто бел камен. Станува збор за предмет со кружна форма и плоскато тело, со пречник од 5,2 см. Едната страна на предметот е рамна и со добро измазнета површина каде на средишниот дел има

[110] Во оваа пригода изразувам голема благодарност до М–р Елена Канзурова од Археолошки музеј на Македонија, за остапениот археолошки материјал од населбата Чаковец

[111] АКРМ 1996 – Јосифовска Б. 146; Винчиќ Ж. 235; Микулчиќ И. 234; Винчиќ Ж. 157

изведено една кружна вдлабнатина, а на бочните страни има перфорирано по еден отвор кои најверојатно служеле за прикачување на предметот (**TXI. 4**).

Од предмети изработени од коска на неолитските локалитети во Тиквеш се регистрирани неколку различни форми на орудија во кои спаѓаат нашилени игли и јадици, како и делови од накит изработен од морски школки и коска.

На локалитетот Бегово Поле е регистриран еден фрагмент од предмет изработен од коска. Овој предмет има полукружна форма и од едната страна е наострен. По поголемиот дел од неговата површина е декориран со ситни точки (**TXI. 2**). Намената на предметот не е јасна, а се претпоставува дека служел како приврзок или како алатка за сечење или обработка на керамиката.

Во материјалот од коска на локалитетот Чаковец се присутни неколку форми на алатки и накит. Од алатките се заспатени неколку нашилени игли и кукасти јадици за ловење риба, а од страна на накит е регистрирана една медитеранска школка искористена како приврзок, како и еден тенок полукружен предмет кој во голема мера е сличен на примерокот од локалитетот Бегово Поле, само без декорација (**TX. 7–8, 10–12**).

## 3.2. Енеолит

Од енеолитот во Тиквешијата се регистрирани само локалитетите Градиште и Бегова Падина. Овие локалитети се откриени при теренските рекогносцирања и притоа се евидентирани само дел од површинските наоди во кои доминираат фрагменти од садова керамика и неколку камени орудија.

Од страна на движните археолошки остатоци ни беа достапни само наодите од локалитетот Градиште во кои се среќаваат неколку карактеристични форми на рачно изработени керамички садови и неколку камени и кремени алатки. Во предметите од керамика на овој локалитет како најзастапена форма на садови се јавува конусната чинија со вовлечено устие кон внатрешноста на садот. Овие предмети се изработувани од недоволно прочистена глина со примеси на ситни камчиња и имаат добро измазнета површина до висок сјај во различни нијанси на сива или кафеава боја. Од страна на украсувањето кај оваа форма на садови се јавуваат брадавичести апликации или врежани вертикални канелури кои се

спуштаат од устието на садот. Кај неколку примероци помеѓу канелурите се присутни мали брадавичести апликации или мали рачки во форма на јазиче. Кај еден примерок покрај присуството на мала рачка во форма на јазиче се јавува уште една вертикална рачка која се наоѓа под неа и оди кон средишниот дел на садот (**TXII. 1–5**). Чиниите со заоблена профилација се присутни во неколку примероци и се карактеризираат со исклучиво тенки ѕидови. Овие садови се изработени од недоволно прочистена глина со примеси на ситен песок и имаат добро измазнета површина до висок сјај во нијанси на сива, кафеава или црвена боја. Кај еден примерок се среќава декорација со плитки, но широки канелури, кои косо се спуштаат надолу од устието на садот (**TXIII. 1–5**). Од садовите со топкалеста форма се регистрирани неколку фрагменти кои се изработени од недоволно прочистена глина со примеси на ситни зрна кварц и со добро измазнета површина до висок сјај во светло сива или црвена боја. Кај овие предмети се среќава декорација изведена со плитко врежани тенки линии каде се забележуваат неколку елипсовидни линии кои на неколку места завршуваат споени под агол формирајќи краци, но поради малата сочуваност на фрагментите не може да се забележи каква композиција целосно формираат линиите. Кај еден фрагмент се јавува декорација од сноп на врежани тенки линии кои вертикално се спуштаат надолу по телото на садот **(TXIV. 3–5).** Од страна на држалките од керамичките садови се регистрирани повеќе форми кои според обликот се делат на лентести, јазичести, тунелести и роглести држалки. Сите примероци се изработени од недоволно прочистена глина со примеси на ситен песок и кварц (**TXV. 1–5**). Покрај садовите со утилитарна намена е регистриран и еден фрагмент од култен предмет изработен од керамика. Станува збор за предмет со квадратна форма кој најверојатно претставува дел од некој култен жртвеник. Изработен е од убаво прочистена глина со добро измазнета површина до висок сјај од двете страни со светло кафеава боја од надворешната и сива боја од внатрешната страна. Од надворешната страна е изведена декорација со врежани длабоки линии кои формираат појас кој се прекршува под агол, а во просторот помеѓу линиите се вдлабени повеќе точки. Под појасот има врежано уште две пократки паралелни линии кои не се спојуваат меѓусебно (**TXIV. 2**).

Од страна на предметите изработени од камен на локалитетот Градиште се регистрирани неколку форми на камени орудија во кои спаѓаат кремени ножиња и камени секирки. Кремените ножиња на овој локалитет се присутни во четири примероци кои се изработени од различен делкан камен и имаат издолжено правоаголна форма и сплоскато тело со триаголен или трапезоиден пресек, а еден примерок е изострен во форма на врв од стрела. **(TXVI. 4–8)**. Од страна на камените секирки се регистрирани два примероци изработени од црн камен и со добро измазнета површина. Според обликот се издвојуваат со трапезоидна форма и со зарамнет врат и тело кое постепено со шири кон долниот зашилен дел на секирката (**TXVI. 1–2**)[112].

### 3.3. Бронзено време

Од епохата на бронзеното време во Тиквешијата се вршени истражувања само на локалитетите кои потекнуваат од доцното бронзено време. За разлика од тоа, локалитетите од раното и средно бронзено време сеуште не се истражувани и воедно претставуваат празнина за праисторијата во Тиквешката Котлина.

Доцното бронзено време во Тиквешијата најмногу може да го проследиме преку некрополите кои се во значителна мера истражени, за разлика од населбите каде само на локалитетот Столот се вршени одредени сондажни интервенции.

Локалитетот Столот претставува населба од типот на градински населби каде се откриени неколку широки објекти за живеење изградени од непечена тула врз темелна основа од кршени камења. Од страна на движните археолошки наоди е забележано единство со наодите од некрополата Димов Гроб, кои заедно претставуваат една инзворедна целина. Според истражувањата е констатирано дека постарата населба била двапати обновувана, за разлика од помладата која настрадала од упадите на северните народи и повеќе не била обновена[113].

Периодот од последните три векови на вториот милениум пред Христа, кога започнуваат да се јавуваат и упадите од северните народи, некои истражувачи го третираат како преоден период од бронзено во железно време, со оглед на

[112] Во оваа пригода изразувам голема благодарност до Јовица Ристов за отстапениот археолошки материјал од локалитетот Градиште

[113] Митревски Д. 2013, 184

историските и културните околности кој го зафатиле Балканот, па според тоа гледаме целосна оправданост во таквата констатација[114].

Од страна на погребувањата од овој период во регионот на Тиквешката Котлина се регистрирани неколку некрополи со инхумирани покојници, како и неколку некрополи со кремирани покојници во урни. Практикувањето на двата спротивни ритуали во погребувањата зборува за нестабилност во погребувањето што се манифестира преку мешање на различни културни и етнички елементи, што е пак сосема логично ако се земат во предвид споменатите историски околности кои го зафатиле Балканот во овој период[115].

Гробови со инхумирани покојници во згрчена положба се регистрирани на некрополите Димов Гроб, Водовратски Пат и Мали Дол. Во сите случаи станува збор за рамни некрополи каде гробовите се изработени од необработени или делумно обработени камени плочи – цисти, или пак се правоаголни јами вкопани во здравицата. Кровната конструкција кај двете гробни форми е изведена со камени плочи. Организицијата на гробовите е во редови од кои најчесто по линијата север – југ, а поставеноста на гробовите е во правец запад – исток. Во сите гробови од овие некрополи е констатирана инхумација во згрчена положба, каде е забележана дистинкција во погребувањето во зависност од полот на покојниците, односно мажите се полагани на десна, а жените свртени на левата страна[116].

Како карактеристичен наод за издвојување од некрополата Димов Гроб е стелата од Гробот 32 која засега е единствена од ваков тип на Балканот. Станува збор за камена стела која била искористена како јужна странична плоча и на неа е врежана машка фигура претставена во полна војничка или парадна опрема[117].

Гробови со спалени покојници поставени во урни се регистрирани на југозападната некропола во Стоби и на некрополата Мали Дол. На југозападната некрпола во Стоби се регистрирани неколку погребувања во урни од доцното бронзено време кои се откриени на ограничен простор од теренот и каде се евидентирани само делови од керамичките урни кои биле поставени во плитки

[114] Митревски Д. 1997, 25 - 26
[115] Митревски Д. 1997, 27
[116] Митревски Д. 1997, 35 – 40; Папазова А. 2018, 9 – 16
[117] Митревски Д. 1997, 39

јами вкопани во здравицата од теренот, без можност да се издвои определена гробна целина[118]. Во некрополата Мали Дол досега се истражени вкупно 16 погребувања во урни кои се поставени во помали јами вкопани во здравицата од теренот, најчесто без нивно маркирање, а поретко околу урните се поставени камења или камени плочи. Урните најчесто се поголеми садови од типот амфора покриена со капак, односно сад со кантаровидна форма. Во некои случаи амфората најпрво била затворена со камен, а потоа поклопена со кантаровиден сад. Гробовите во урни се посебно групирани и поставани во круг, од кои досега се констатирани две посебни групации[119].

Од страна на гробни прилози во некрполите од доцното бронзено време во Тиквешијата најчесто се среќаваат предметите изработени од керамика, како и различните форми на накит и оружје изработени од бронза.

Гробните наоди од керамика во некрополата Димов Гроб се издвоени на монохромно рачно работена керамика и мат сликана керамика[120]. Како најчеста форма на садови од монохромно рачно работената керамика во некрополата на Димов Гроб се среќаваат кантаровидниот сад, алабастронот, големата чинија и широко отворените садови со две вертикални држалки и со специфична "S" профилација. Изработката на овие форми е најчесто од недоволно прочистена глина со примеси на ситни зрна кварц. Оваа керамика е нееднакво печена и има груба и порозна фактура, поради што е многу кршлива **(TXVII. 5, 7, 8; TXVIII. 4–8; TXIX. 1–5, 7; TXX. 5–6).** Во локалната мат сликана керамика спаѓаат формите на кантаровидниот сад со две вертикални држалки кои го надвисуваат устието и косо паѓаат од највисоката точка на лакот кон отворот на садот, алабастронот и длабоките чинии со извлечено устие. Изработката на овие форми е изведена од убаво прочистена и квалитетно печена глина со површина од окер до портокалова боја, украсени со темно црвена мат боена декорација **(TXVII. 1–4; TXVIII. 1–3; TXIX. 8)**[121].

---

118 Митревски Д. 1997, 42
119 Папазова А. 2018, 5 – 16
120 Видески З. 2008, 38 – 39
121 Митревски Д. 1997, 48 – 51; Видески З. 2008, 38 – 39; Митревски Д. 2013, Сл.63 – 4, 5, 6 и 7, Сл.62 – 1 и 2, Сл.61

Во некрополата Водовратски Пат според технолошката изработка на керамиката и според формите на керамичките садови е регистрирана скоро идентична керамика со некрополата Димов Гроб. Во оваа некропола покрај присуството на стандардни форми на монохромна и мат сликана керамика, е евидентирана и керамика украсена со канелури, која е карактеристична за северните балкански региони **(TXVII. 6)**[122]**.**

Во некрополата на Стоби како најчеста појава на керамички садови се среќаваат големите биконусни садови кои според својата функционалност се јавуваат како урни и во останатите некрополи со спалени покојници од преодниот период во Р. Македонија. Покрај тоа, се регистрирани и еден кантаровиден сад украсен со мат сликана декорација, како и делови од чинии со вовлечено и канелирано устие т.н. Turban Dish[123].

Керамичкиот материјал од некрополата Мали Дол е издвоен на рачно работена монохромна и мат сликана керамика. Кај монохромната керамика се јавува унифицираност во фактурата и формите на садовите кои се користени како гробни прилози. Како најчеста форма на садови се јавуваат кантаросот, бокалот и чашата **(TXXI. 1–8).** Од мат сликаната керамика се откриени само неколку примероци, меѓу кои доминира формата на кантарос. Кај еден примерок се јавува декорација со мотив на паралелни цик – цак линии на стомакот и коси линии на отворот на садот и на држалките **(TXXI. 3).** Специфична категорија на садови во оваа некропола се амфорите со четири лентести држалки кои се користени како урни за погребување **(TXX. 1–3).** Интересна е појавата на кантаросот откриен во Гробот 8 на кој се јавува декорација со вертикални канелури, која претставува карактеристична појава за локалитетите од преодниот период од бронзено во железно време **(TXXI. 4).**[124]

Од страна на керамичките садови се регистрирани и два случајни наоди на алабастрони кои потекнуваат од околината на Демир Капија. Овие предмети се рачно изработени, од добро прочистена глина и украсени со темно црвена, мат сликана декорација[125].

---

[122] Митревски Д. 1997, 51 – 53; Митревски Д. 2013, Сл.63 – 8
[123] Митревски Д. 1997, 47 – 48
[124] Папазова А. 2018, 18 – 20, Кат. Бр.5, 8, 11, 12, 25, 26, 27, 28, 33, 36 и 37
[125] Митревски Д. 1997, 55

Од предметите за украсување во некрополите од доцното бронзено време и преодниот период во Тиквешката Котлина се регистрирани предмети кои се изработени од бронза, коска и камен.

Како гробни прилози во некрополата Димов Гроб се откриени неколку долги игли, делови од машки тоалетени сетови, обетки со три навои изработени од бронзена жица, делови од ѓердани и нараквици, како и ритуални појаси и неколку бронзени пафти[126]. Долгите игли од некрополата Димов Гроб се најчесто изработени од бронза, а се јавува и еден примерок изработен од коска. Посебно се издвојува примерокот од Гробот 17, кој бил откриен веднаш зад главата на женски покојник. За разлика од останатите игли откриени на оваа некропола, овој примерок има значително пократки димензии, но со поголема и подекоративна глава. Останатите игли се откривани претежно во машките гробови во пределот на градите и најчесто заедно со делови од машки тоалетен сет. Овие игли имаат благо закривена форма со лачна свиеност кон врвот, со помала биконусна глава и врежана декорација на благо задебелениот врат **(TXXII. 1–6)[127].** Во машките погребувања од оваа некропола се откриени и неколку делови на машки тоалетен сет, во кој спаѓаат бронзените сечила со издолжена форма и камените острачи. Од страна на бронзените сечила се откриени повеќе примероци од кои за издвојување е сечилото од Гробот 26 на кое е сочувана и неговата држалка која е изработена од убаво измазнета бела коска, на која е изведено украсување со врежани полиња од шрафирани триаголници **(TXXII. 1–7)[128].** Во групата на украсни предмети припаѓа и наодот од Гробот број 16 од оваа некропола, кој е изработен од бронза во форма на минијатурна двојна секира, која најверојатно служела како приврзок – амулет или брич[129]. Посебно интересен предмет претставува ритуалниот појас составен од 14 бронзени двојни секири, откриен во погребување со женски покојник **(TXXIV. 9)[130].**

Во некрополата Мали Дол кај Тремник се откриени разни форми на накит како гробни прилози кои генерално се определени во однос на тоа дали се

[126] Видески З. 2008, 38 – 39
[127] Митревски Д. 1997, 58; Митревски Д. 2013, Сл.64 – 1
[128] Митревски Д. 1997, 59 – 60; Митревски Д. 2013, Сл.66
[129] Митревски Д. 1997, 61
[130] Митревски Д. 2013, 186, Сл.65 – 2

поставувани во машките или женските погребувања. Кај машките погребувања редовно се среќава машки тоалетен сет, составен од игла, нож и острач, како и еден рачно изработен кантаровиден сад поставен покрај нозете. Кај женските погребувања се откривани различни форми на накит во кои спаѓаат игли, белегзии, спирално навиени обетки и ѓердани, како и еден керамички сад – чаша, бокал или алабастрон. Од страна на бронзените игли се издвојуваат четири типови кои имаат купаста, конична, кружна или дисковидна глава. Иглите со купаста глава најчесто се јавуваат како гробни прилози во машките погребувања, како дел од машки тоалетен сет, заедно со нож и камен острач. Останатите игли се типични за женските погребувања **(ТXXII. 7–9)**. Во оваа некропола се откриени и неколку интересни примероци на ѓердани кои претставуваат составен дел од женските погребувања. Нивната изработка е најчесто од стаклени мониста со кружна форма во сина боја или во комбинација со жолти, бели или темно кафеави мониста, килибар или коска **(ТXXIV. 4–6)**. Од бронзените ножеви кои се откриени на оваа некропола се издвојува ножот со нитни кој е откриен во гробот 8, и претставува типична појава за целиот период на доцното бронзено време **(ТXXIV. 1)**. Помалите бронзени ножиња со закривена рачка претставуваат составен дел од машките тоалетни сетови и кај нив најчесто се јавува декорација со врежување на две паралелни линии поставени на горниот дел од сечилото и рачката **(ТXXIII. 9; ТXXIV 1–2)**. Како составен дел од машките тоалетни сетови припаѓаат камените острачи кои се изработени од локален песочник во правоаголна или издолжено овална форма и се перфорирани во горниот дел **(ТXXIV. 3)**[131].

## 3.4. Железно време

Остатоците од железното време во Тиквешијата се регистрирани во неколку локалитети, кои главно се откривани случајно при обработка на земјиштето или пак се забележани при теренските рекогносцирања[132]. Сепак, помали археолошки интервенции се извршени на локалитетот Градина кај Демир Капија, каде се откриени остатоци од еден објект со наоди од полното железно време[133]. Други

[131] Папазова А. 2018, 16 – 17, Кат. Бр.1, 2, 4, 6, 7, 9, 13, 16, 17, 18, 29, 30, 31, 32, 34 и 35
[132] АКРМ 1996
[133] Корошец Ј. 1956, 90 – 101

информации за населбинското живеење во Тиквешијата не се регистрирани, освен присуството на голема количина фрагментирана керамика на локалитетот Градот кај селото Ресава, забележана при теренските рекогносцирања[134]. Од страна на некрополите, најмногу информации за железното време може да проследиме од некоулкуте истражени гробови на локалитетот Мали Дол кај селото Тремник, каде се регистрирани гробови – јами во кои покојниците се полагани во пружена положба. Според скромните гробни прилози овие гробови се датирани во раното железно време, односно од првата половина на X век пред Христа. Од друга страна, на локалитетите Некропола 1 кај Демир Капија и Некропола 2 кај селото Будур Чифлик се откриени вкупно три гробови кои иако се случајно откриени, сепак е забележан начинот на изработка на гробовите, како и процесот на поставување на гробните прилози[135].

За информациите од населбата Градина кај Демир Капија дознаваме од извештајот на раководителот Јосип Корошец, според кој се откриени елементи од куќа од полното железно време, од која се сочувани делови од лепежот и подот кој е направен од набиена земја како и едно огниште кое е целосно сочувано. Евидентирани се и седум јами за колци поставени во хоризонтална линија со должина од 2,60 метри кои биле вкопани во самата здравица. Покрај тоа, по целата површина од куќата се откриени неколку различни форми на керамички садови и неколку камени пршлени. Куќата најверојатно била уништена во пожар, на што укажува јагленот кој бил регистриран по целата површината, како и деформирањето на неколку фрагменти од керамичките садови[136].

Од керамичките остатоци на овој локалитет се среќаваат неколку различни форми на рачно работени садови од кои доминира конусната здела со вовлечено устие и рамно дно, изработена од недоволно прочистена глина со примеси на ситни зрна кварц и со убаво мазнета површина во кафеава или сива боја. Кај неколку примероци се јавува по една јазичеста држалка. Зделите со полусферична форма се регистрирани во повеќе фрагменти кои се изработени од прочистена

[134] Оваа керамика е забележана при теренски рекогносцирања вршени во рамки на проектот ,,Рекогносцирање на праисториски локалитети околу Тиквешкото Езеро" под раководство на Сашко Василевски
[135] Корошец Ј. 1956, 103 – 104
[136] Корошец Ј. 1956, 90 – 101

глина и имаат убаво измазнета површина. Кај неколку примероци устието е вовлечено кон внатрешноста и имаат по две вертикално поставени држалки кои го надвисуваат устието. Од останатите фрагменти се издвоени лонците со овална или јајцевидна форма кои се изработувани од недоволно прочистена глина со примеси на ситни зрна песок и најчесто со груба површина, украсени со пластично ребро или орнаментирани со отисоци од прсти[137].

Во керамичкиот материјал од локалитетот Градот се евидентирани повеќе рачно изработени фрагменти од различни форми на садови каде се среќава декорација од линеарни мотиви изведени со назабен инструмент – радло или со врежување **(TXXV. 7–8; TXXVI. 1–8).** Како најзастапена форма на садови се јавуваат длабоките полусферични чинии со рамно устие. Нивната изработка е најчесто од недоволно прочистена глина со примеси на ситен песок и имаат добро измазнета површина во црвена, сива или кафеава боја. Кај оваа форма се јавува декорација изведена со врежување на линеарни мотиви од кои најчесто е претставена зона формирана од по две хоризонтални линии и вонеа нанесени снопови од вертикални линии поставени во цик – цак правец на движење. Кај еден примерок се јавува декорација изведена со врежување на коси убоди распоредени во два реда по устието на садот, а кај друг примерок се среќава украсување со хоризонтални линии нанесени под устието на садот, изведени со врежување и со користење на назабен инструмент – радло **(TXXVII. 1–5).** Од плитките чинии со извлечено устие е регистриран само еден фрагмент кој е изработен од недоволно прочистена глина со примеси на ситен песок и со добро измазнета површина во црна боја. Кај овој примерок се среќава декорација со врежување на сноп од вертикални линии распоредени по извлечениот дел од устието на садот **(TXXVIII. 5).** Од страна на грнињата се присутни неколку фрагменти кои се изработени од недоволно прочистена глина со примеси на крупен песок и кварц, и со груба површина во црвена или сива боја. Кај оваа форма на садови се јавува декорација изведена со пластични орнаменти во вид на ребро кое најчесто е нанесено под устието на садот **(TXXVIII. 2–4).** Од страна на држалките за керамичките садови се регистрирани неколку примероци на вертикални лентести држалки со елипсовиден пресек кои најверојатно припаѓаат

[137] Корошец Ј. 1956, 91 – 98

на бокалите со засечено устие. Нивната изработка е од добро прочистена глина со убаво измазнета површина во црна боја. Декорација е изведена со врежување на вертикални линии кои се движат по должината на држалката, а на долниот дел каде што држалката се спојува со садот се врежани по неколку хоризонтални линии. Кај еден примерок декорацијата е нанесена со наизменично користење на назабен инструмент – радло и со врежување. **(TXXVI. 5–6).**

Како гробни прилози во гробовите од раното железно време на некрополата Мали Дол се откриени неколку различни форми на рачно работени керамички садови од кои доминираат формите на кантаровидниот сад, бокалот и чашата **(TXXV. 1–6)**[138].

Од страна на предметите за украсување на локалитетот Градот е откриен еден топчест приврзок изработен од бронза. Станува збор за приврзок со топчесто – биконусна форма, кој е изработен во техника на шупливо лиење и има вертикално пробивање со прстенесто задебелени краеви **(TXXIX. 6)**.

На локалитетот Моклишко Кале е случајно откриено едно вотивно бронзено садче со висина од 3 см, кое има форма на бокалче со засечено устие од задната страна и декорација од врежани хоризонтални линии по стомакот и вратот **(TXXIX. 5)**[139].

Во детскиот гроб од некрополата кај селото Будур Чифлик се откриени две бронзени белегзии со триаголен пресек и дугместо задебелување на краевите од типот белегзии со преклопени краеви, најверојатно откриени во близина на рацете, една бронзена еднопетлеста фибула декорирана со гравура, потоа три стаклени перли со кружна форма и плава боја, една стаклена перла со аквамаринска боја и една камена перла, сите откриени на левата страна од средината на гробот. На десната страна од средината на гробот е откриен фрагмент од златен лим, а во висината на главата било откриено едно бронзено копче со плоската форма и со јамка на долната страна, како и еден фрагмент од исто такво копче. Во десниот агол од гробот, кај нозете, се откриени фрагменти од рачно работен керамички сад со сива боја изработен од добро прочистена глина[140].

[138] Митревски Д. 2013, Сл. 77 – 5, 6, 7, 8, 9 и 10; Папазова А. 2018, 15
[139] Ѓорѓиева В. 2001, 9, Кат. Бр. 1
[140] Корошец Ј. 1956, 103 – 104

Во некрополата кај Демир Капија се регистрирани само две погребувања во кои се откриени множество на гробни наоди. Во гробот 1 е констатирано скелетно погребување, од кое се сочувани мал дел од остеолошките остатоци. Од страна на гробни прилози во овој гроб се откриени една бронзена спирална фибула со железна игла, две масивни бронзени белегзии од типот на белегзии со преклопени краеви со плосната форма и триаголен пресек, една рачно работена полусферична здела со рамно дно декорирана со коси длабоки канелури, како и еден фрагмент од друга здела со рамно дно. Во гробот 2 се откриени фрагменти од амфора со висок и широк врат, изработена од земја помешана со песок и со механички глачана површина во црна боја[141].

Во гробот од некрополата Шесте Куќи кај Тремник, кој е случајно откриен при садење на лозов насад во 1984 година, се откриени еден бронзен висулец со кружна форма, една бронзен култен предмет составен од три двојни секирки на едно стебло, еден бронзен чешел, како и неколку салтелеони изработени од бронза[142]. Според движниот археолошки материјал, овој гроб е датиран во раното железно време **(TXXIX 1–4)**[143]**.**

Покрај тоа, од доцното железно време се регистрирани неколку бронзени лачни фибули со розета на лакот, откриени како случајни наоди во околината на Демир Капија[144].

---

[141] Корошец Ј. 1956, 103
[142] Георгиев З. 1987, 117 – 134
[143] Митревски Д. 1997, 316
[144] Корошец Ј. 1956, 105

## 4. ОДНОСОТ НА ТИКВЕШ СО СОСЕДНИТЕ ГЕОГРАФСКИ РЕГИОНИ

Регионот на Тиквешијата, чија територија го зафаќа централниот дел на Република Македонија, одиграл значајна улога во креирањето на културниот развиток на праисториските заедници. Таквата географија, заедно со климатските и морфолошките особености на регионот, била пресудна во креирањето на карактерот, правците и динамиката на културен развиток на локалните заедници низ целата праисторија. Така, во одделни праисториски периоди оваа територија била под културни влијанија од соседните источни и западни региони, а во други периоди била под културно влијание од север и тесно врзана со регионите по должината на Поморавјето до Дунав и карпатските области. Во одреден период главна улога одиграла отвореноста на регионот кон југ, односно од релациите со Егејскиот басен и Мала Азија[145].

Според остатоците од неолитските локалитети можеме да забележиме дека регионот на Тиквешката Котлина се развивал под културни влијанија на неолитот од Пелагонија, како и под силни влијанија на неолитот од Источна Македонија[146].

За резултатите од истражувањата на локалитетот Чаковец може да се информираме само од прелиминарниот извештај на раководителот В. Санев, кој смета дека керамиката откриена во постарите слоеви има сличности со неолитот од Пелагонија, за разлика од керамиката во помладите слоеви која има сличности со неолитот од Источна Македонија. Во таа смисла, керамичките форми на конусни и заоблени чинии со тенки ѕидови и површина во нијанси на боја од вински талог до светло розеникава имаат доста сличности со керамиката од Велушина II и III. Од друга страна, керамиката декорирана со боцкани орнаменти и плитки канелури откриена во помладите наслојувања е типична за локалитетот Вршник II[147].

Слична ситуација е забележана и во керамиката од населбата Бегово Поле од страна на П. Синадиновски. Имено, керамиката од овој локалитет е поделена во две фази, односно, постарата која потекнува од периодот на крајот на раниот и почетокот на средниот неолит, и помладата од доцниот неолит. Во керамиката од

[145] Митревски Д. 2013, 83 – 85
[146] Санев В. 1986, 39 – 40; Синадиновски П. 2016, 57 – 60; Здравковски Д. 2006, 34
[147] Санев В. 1986, 40

постарата фаза се застапени садовите со полутопчеста форма и затворен или извлечен венец, како и широко отворените поголеми садови и конусни чинии. Тука спаѓа и керамиката со црвена, темносива, кафеава и темноцрвена боја, како и неколку типови на лентести и тунелесто продупчени држалки **(TI. 1–5; TII. 1–3)**. Според тоа, оваа керамика е сместена во периодот на крајот на раниот и почетокот на средниот неолит, со изразени сличности со керамиката од неолитските тумби во Пелагонија. Покрај тоа, на оваа група на наоди од постарата фаза припаѓа и антропоморфната мермерна фигурина **(TXI. 6)**[148].

Керамиката од помладата фаза ги има сите особини на доцнонеолитската керамика во Република Македонија која се развивала под нагласени влијанија на Винчанската културна група. Во оваа група на наоди припаѓа црната керамика која е полирана или мазнета до висок сјај и која го претставува основниот белег на доцниот неолит на овие простори[149]. Покрај тоа, во оваа група на наоди припаѓаат и формите на садови со топкалеста форма и извлечен цилиндричен врат кои се типични за културната група Зелениково II **(TII. 3–5; TIII. 2)**. Оваа керамичка форма го претставува основниот облик на фината керамика на оваа културна група[150]. Во оваа група на наоди припаѓа и една јазичеста држалка, која се јавува во неколку варијанти на локалитетот Зелениково во помладиот хоризонт **(TVII. 8)**[151]. Како покарактеристична форма на садови од помладата фаза претставува пехарот со висока конусна нога и портокалова боја, кој е типична појава за локалитетите од доцниот неолит во северните делови на Република Македонија **(TVI. 6)**[152].

Од скромните енеолитски остатоци може да согледаме дека материјалот од локалитетот Градиште временски припаѓа на раниот енеолит. Според бројноста и квалитетот на површинскиот керамички материјал претпоставуваме дека на овој локалитет опстојувала доста развиена населба во раната фаза на енеолитот. За оваа фаза на енеолитот е карактеристичен сплетот на манифестации кои влечат корени од претходната фаза на доцниот неолит и новите форми и типови на декорација кои доаѓаат од регионите на исток и североисток. Во таа смисла,

---

[148] Синадиновски П. 2016, 58 – 59
[149] Garašanin M. 1979, 164 – 165
[150] Garašanin M. 1979, 209
[151] Гарашанин М. – Спасовска Г. 1976, TV: 2, 4 и 6
[152] Митревски Д. 2013, 129, сл. 23: 4, 5 и 7

фрагментот од квадратен жртвеник **(TXIV. 2)**, како и роглестите држалки, влечат корени од форми кои своите зачетоци ги имаат во доцниот неолит. Имено, квадратните жртвеници во раниот енеолит се јавуваат видоизменети и нивната појава веќе се губи во помладата фаза на енеолитот. Исто така и роглестите држалки во периодот на раниот енеолит се јавуваат во друг контекст[153].

Трагите од новите елементи кои доаѓаат од источните и североисточните региони се среќаваат кај поедини форми на чинии со задебелено и вовлечено устие, како и кај неколкуте фрагменти од керамиката со врежана декорација **(TXIV. 3–5).** Овие културни влијанија се должат на поврзаноста на регионот со долината на реките Вардар и Пчиња, како и од контактите остварени преку реките Брегалница и Струмешница со енеолитските наоѓалишта по долината на реката Струма[154].

Во керамичкиот материјал од населбата Градиште се јавуваат сличности и со керамиката од енеолитските наоѓалишта во пелагонскиот регион. Имено, чинии со декорација изведена од плитки вертикални канелури по горниот дел од устието на садот **(TXII. 2–3),** се откриени и на локалитетите Крушеанска Чука[155] кај селото Врбјани, и Шуплевец[156] кај селото Долно Ореово.

Бронзеновременските остатоците од Тиквешијата се целосно лимитирани во однос раното и средното бронзено време. За разлика од тоа, од доцното бронзено време се истражени повеќе локалитети, главно некрополи, каде е откриен голем број на движен археолошки материјал врз кој може да се изведат повеќе заклучоци во смисла на припадноста и контактите кои тиквешкиот регион ги имал со соседните географски региони. Во таа смисла, длабоки корени има врската на доцно бронзеновременските заедници во Република Македонија со централнобалканските заедници, што секако се должи на нивната сродност уште во рамките на единствениот т.н. Централнобалкански културен комплекс од раното бронзено време[157]. Од друга страна, веќе во доцното бронзено време се од големо значење и влијанијата кои доаѓале од доцно бронзеновременските култури

[153] Митревски Д. 2013, 136 – 140
[154] Митревски Д. 2013, 143
[155] Темелкоски Д. 1999, 41. Т1. 2
[156] Симоска Д. и Санев В. 1976
[157] Митревски Д. 1997, 62

на Егејскиот Басен, поточно од микенскиот свет[158]. Меѓутоа, со процесите што се одвивале во преодниот период се евидентни различни продори на култури од надвор, особено од север, кои се одвивале во рамките на т.н. Големи Егејски Преселби, што резултирале со престанок на бронзеновременските културни традиции, и со прифаќање на веќе новите железновремски културни вредности.

Во материјалната култура од доцното бронзено време која има изразени влијанија од јужниот микенски свет се забележани разни форми на керамички садови, како и повеќе форми на бронзен накит и оружје. Од една страна и самиот начин на погребување со инхумација во гробови – цисти укажува на влијанијата од Егејскиот Басен, за разлика од северните балкански региони каде доминантно било погребувањето со кремација во урни[159]. Од друга страна, најилустративен облик на керамички садови од јужна провиниенција се формите на алабастрони, скифоси и амфорискоси, кои се јавуваат како честа појава на наоѓалиштата Димов Гроб, Водоврати, Стоби, Мали Дол и Демир Капија, и претставуваат локална варијанта изработувани исклучиво на рака **(TXVII. 4–6; TXIX. 4, 8)**. Исто така, и украсувањето со мат сликана декорација, кое воедно го претставува основниот белег на Повардарската културна група, се развива под влијание на микенската керамика. Кај останатите движни наоди исто така се забележуваат влијанијата кои доаѓаат од Егејскиот Басен. Во таа смисла, наодите на поедини ножеви и острачи кои претставуваат составен дел на машките тоалетни сетови, како и ритуалните минијатурни двојни секири, се карактеристични за Егејскиот Басен и своите корени ги имаат уште во раните фази на егејското бронзено време[160] **(TXXIII. 1–9; TXXIV. 1–3, 9)**.

Остатоците од северните народи се евидентирани скоро во сите наоѓалишта по долината на реката Вардар, која воедно била и централната комуникациска траса на движењето на овие народи. Со овие продори е донесен новиот начин на погребување со кремација во урни, кој е регистриран на некрополите Стоби и Мали Дол кај Тремник. Карактеристичен е примерот со некрополата Мали Дол, каде врз гробовите – цисти со инхумација во згрчена положба се откриени

[158] Митревски Д. 2013, 181
[159] Митревски Д. 1997, 67
[160] Митревски Д. 2013, 186

погребувања со кремирани покојници во урни, што укажува на континуитетот на користење на некрополата за погребувања во доцното бронзено време и низ преодниот период[161]. Од материјалните остатоци е карактеристична појавата на канелиранaта керамика која претставува една од основните типови на керамика која е откривана во изгорените и разурнати слоеви од преодниот период, а која е регистрирана и на некрополите Мали Дол, Стоби и Водовратски Пат[162] **(TXXI. 4).** Типична форма на садови од северна провиниенција претставуваат и амфорите со четири лентести држалки кои биле користени како урни во некрополата Мали Дол[163] **(TXX. 1–3)**. Оваа форма на садови е карактеристична појава за северните балкански области кои припаѓаат на културната група Доња Брњица од средното и доцното бронзено време[164]**.**

Во железното време веќе целосно се прифатени влијанијата од север и во голема мера се инкорпориани во материјалната култура од железновременските локалитети во Тиквешката Котлина. Иако голем дел од формите на садови влечат корени уште од бронзеното време, сепак, како новитет во украсувањето се јавува декорација со врежување на геометриски мотиви, како и користење на назабено тркалце – радло **(TXXV. 7–8; TXXVI. 1–8; TXXVII. 1–5).**

Овие влијанија се прифатени со продорот на централно балканските заедници во претходниот период и се адаптирани на локалниот вкус и потреби, обезбедувајќи свој натамошен, локален развој, низ целото железно време[165].

Според начинот на изработка и украсување на керамиката од локалитетот Градот, може да се поврзе со железновременските локалитети по Среден и Горен Вардар, како и по долината на реката Брегалница, каде за разлика од Долното Повардарие, била исклучиво рачно изработувана[166]. Типично е украсувањето со коси засеци на устието од чинијата **(TXXVII. 4)**, каде иста таква декорација е забележана на една чинија од локалитетот Вардарски Рид IV, датирана кон крајот на VII и почетокот на VI век пред Христа[167], како и на една чинија откриена во

[161] Папазова А. 2018, 9 – 16
[162] Митревски Д. 1997, 63; Папазова А. 2018, 18 – 20, Кат. Бр.4
[163] Папазова А. 2018, 18 – 19
[164] Garašanin M. 1983, 773 – 778
[165] Митревски Д. 1997, 112
[166] Митревски Д. 1997, 121-122
[167] Папазова А. 2009, 51, Кат. Бр.53

тумулот II на локалитетот Долинац кај селото Стрновац, датирана во полното железно време[168]. Украсувањето со пластични орнаменти во вид на ребро кое е присутно на фрагментите **(TXXVIII. 2–4),** не претставува посебно опиплив хронолошки индикатор, каде ваквата декорација произлегува од локалната бронзенодопска традиција која е прифатена и се негува низ целото железно време. Во секој случај, како честа појава, ваквата декорација се јавува кај грнињата и огнишните садови на населбата Вардарски Рид, во слоевите од раното и полното железно време. Иста декорација се јавува и на огнишните садови од некрополата кај селото Бучинци, кои се датирани во полното железно време, како и кај грнињата од локалитетите Клучка Хиподром и Градиште Пелинце, датирани во раното железно време[169].

Минијатурните бронзени двојни секири како примерокот од некрополата Шесте Куќи **(TXXIX. 1),** се сеуште присутни и стануваат особено популарни во перидот на раното железно време. Сепак, во текот на раното железно време се јавуваат со значително изменета типологија како посебни култни предмети формирани од две или три двојни секири на едно стебло. Слични предмети на примерокот од некрополата Шесте Куќи се регистрирани на некрополите Висои кај селото Беранци, Сарај кај село Брод, Каранка кај Рапеш, Војник во Куманово и други, сите датирани во раното железно време[170].

Бронзените топчести приврзоци како примерокот од локалитетот Градот **(TXXIX. 6),** се среќаваат како честа појава на локалитетите од полното железно време по течението на реката Вардар. Неколку такви предмети се откриени кај селото Орешани[171], како и на локалитетот Кумановска Бања кај Куманово[172], датирани во VII и VI век пред Христа. Исто така, неколку идентични примероци се откриени како случајни наоди на неколку локалитети од северните делови на Р. Македонија, кои според типолошката определба се исто така датирани во полното железно време[173]. Функцијата на овој тип на наоди оди во насока на примерокот откриен во Гробот број 15 од некрополата Лисичин Дол, каде е искористен како

[168] Станковски Ј. 2006, 102, TIV. 3
[169] Папазова Санев А. 2009, Кат. Бр. 141, 143, 162, 165, 166
[170] Митревски Д. 2013, 221
[171] Пашиќ Р. 1978, 59 – 64, Т1. 4, 6 и 7
[172] Митревски Д. 1997, 299 – 303
[173] Крстевски Ц. и Соколовска В. 2005, 65 – 77

составен дел од поголем композитен предмет, односно е поставен на вертикалниот држач од бронзеното садче од типот на т.н. афионови чаши[174].

Интересна појава претставува култното бронзено бокалче од локалитетот Моклишко Кале **(TXXIX. 5)**, каде вакви предмети се често откривани во населбите и некрополите од полното железно време по течението на реките Вардар и Брегалница[175]. Според досегашниот фонд на познати наоди, најголемиот процент потекнуваат од Македонија, а незначително мал процент се откриени во внатрешноста на Балканскиот Полуостров и во Грција, најчесто како македонски импорт[176].

[174] Митревски Д. 1999, 81 – 82
[175] Vasić R. 1987, 690 – 693, Sl.39 – 15; Митревски Д. 1988, 88 – 97, Сл.1 – Г, TII. 3 – 5, Карта 1; Митревски 1997, 129, Сл.36 – 1 и 2; Митревски Д. 2013, 246, Сл.90
[176] Митревски Д. 1988, 88 – 97

## 5. ЗАКЛУЧОК

Според досегашните информации за праисторијата во Тиквешката Котлина може да се согледаат неколку важни работи кои се поврзани со праисториските заедници од овој регион. Меѓутоа, поради релативно слабата истраженост, многу прашања и заклучоци се уште остануваат отворени и за нивното разбирање се неопходни нови и пообемни археолошки истражувања. Во таа насока, многу прашања во однос на неолитските заедници се се уште отворени, особено оние кои се врзуваат за населбите и недвижните објекти воопшто. Од друга страна, начинот на погребување и ритуалните дејствија поврзани со него се целосно непознати, што претставува одлика и за останатите региони во Р. Македонија. Секако потребни се нови истражувања и за разбирање на врските со соседните географски региони, особено за контактите со подобро истражените неолитски локалитети од Источна Македонија и Пелагонија. Само на тој начин би можеле во вистинска смисла да ги вреднуваме неолитските културни вредности во рамките на Тиквешката Котлина.

Во секој случај, според познатите движни наоди е возможно да се разбере само еден сегмент од неолитската култура и да се вреднува во однос на еден поширок контекст, споредувајќи ги со локалитетите од соседните географски региони. Во таа смисла, врските со неолитските населби од пелагонската рамница се изразени во материјалните остатоци од локалитетите Чаковец и Бегово Поле. Поради фактот што се правени анализи само врз керамичкиот материјал од овие два локалитети, е забележано дека керамиката од постарата фаза на неолитот има доста сличности со керамиката од населбите во Пелагонија, што тоа секако не претставува сигурен показател дека истата состојба би важела и за останатите неолитски локалитети од Тиквешката Котлина. Тие контакти можеби најмногу се должат на поставеноста на локалитетите Чаковец и Бегово Поле кои преку реките Црна и Раец директно се поврзуваат со населбите во Пелагонија. За разлика од тоа, недоволниот степен на истраженост на останатите неолитски локалитети во Тиквешката Котлина не дозволува извлекување на било какви констатации во врска со овие прашања. Од друга страна, сличности со неолитските локалитети од Источна Македонија се присутни во керамиката од помладата фаза на Чаковец,

што укажува дека овој локалитет се развивал под влијанија на двете најпознати неолитски културни групи во Р. Македонија.

Покрај тоа, скромниот број на откриени антропоморфни и зооморфни фигурини, како и култни жртвеници, можеби се должи на нивната слаба застапеност во населбите. Вкупниот број на познати антропоморфни фигурини, од само пет примероци, како и ниту една позната зооморфна фигурина или култен жртвеник, зборува за различните сфаќања и потреби во однос на соседните географски региони каде процентуално се регистрирани многу повеќе фигурини и култни жртвеници. Меѓутоа, ваквата состојба можеби се должи и на слабата истраженост на Тиквешката Котлина, со што, во поглед на идните археолошки истражувања би можело да се извлечат и различни констатации.

Слабата истраженост на Тиквешката Котлина е особено изразена во поглед на Енеолитот од кој досега се регистрирани само два локалитети. За оваа епоха се отворени многу нерешени прашања, за кои се неопходни идни археолошки истражувања. Од скромните енеолитски остатоци може да се изведат само парцијални заклучоци и низа претпоставки, кои со оглед на досегашниот степен на истраженост, не би имале многу голема тежина. Според квалитетот и бројноста на површинскиот материјал од локалитетот Градиште, се претпоставува дека опстојувала доста развиена населба во раната фаза на енеолитот. Во таа смисла, поедини форми на садови со декорација од вертикални канелури се регистрирани и на развиените енеолитски локалитети во Пелагонија. Покрај тоа, можеби и самата географската местоположба на локалитетот, кој е поставен на природно заштитеното возвишение на устието на реките Луда Мара и Овчка Река, придонела да се развие силна енеолитска населба на овој локалитет. Од друга страна, поради близината со неолитската населба Грамада, која се наоѓа во правец кон реката Луда Мара, на оддалеченост од околу 1 км западно од населбата Градиште, се претпоставува дека населението од локалитетот Грамада ја населило оваа подобро заштитена позиција во времето на енеолитот, каде ваков пример е регистриран на локалитетите Орловица 1 и 2 во Скопската Котлина. Сепак, за сите овие претпоставки се неопходни идни археолошки истражувања.

За бронзеновременските локалитети во рамки на Тиквешијата важат истите потреби во поглед на идните археолошки истражувања, особено за фазите на

раното и средното бронзено време. За доцното бронзено време овие потреби се сведуваат само во поглед на населбите. За разлика од населбите, некрополите од доцното бронзено време се во значителна мера истражувани и веќе научно афирмирани. Во таа насока одат истражувањата на некрополите Димов Гроб, Водовратски Пат и Мали Дол, во кои се истражени околу 200 погребувања од овој период. Во сите овие некрополи е регистриран исти ритуал на погребување со инхумација во згрчена положба, вршени по строго канонизирани правила. Според движните археолошки наоди, овие некрополи имале непречен културен развој во периодот на XIII и XII век пред Христа, кој бил насилно прекинат со упадите на централнобалканските заедници некаде кон крајот на XII и почетокот на XI век пред Христа. Овие процеси се најдобро документирани на населбата Столот, каде е регистрирано опожарување во најмладото наслојување на бронзеновременската населба, која никогаш повеќе не била обновена. Овие настани се одвивале главно по вардарската долина и се регистрирани во сите локалитети долж Повардариeто. Престојот на овие заедници е илустративно прикажан и од појавата на новите погребувања со кремација во урни регистрирани на некрополите Мали Дол и Стоби, кои се типична појава за регионите на Централен Балкан и Подунавиeто. Овие уништувачки походи условиле во регионот на Тиквешијата да се напуштат населбите кои биле во директна врска со реката Вардар, и веќе во следниот период на железното време да се формираат нови населби повлечени по десните притоки на реката Вардар, односно во позаштитените региони на подножјето на планината Кожув и Витачево[177]. Во таа насока секако одат локалитетите Градиште и Градот кои се формирани во подножјето на планината Вишешница и Витачево, поточно на крајот од Скочивирската Клисура, и се директно условени од течението на Црна Река. Исто така и локалитетите Амидеа и Моклишко Кале се повлечени кон подножјето на висорамнината Витачево и се директно условени од течението на реката Луда Мара. Можеби најдобар пример за тоа е локалитетот Градот, кој според површинските наоди се издвојува како населба од раното и полното железно време. Во таа смисла, можеме да претпоставиме дека оваа населба е всушност иницирана од немирните настани што го зафатиле Повардариeто во претходниот период и кои придонеле за крајот на развитокот на населбата Столот.

[177] Види Карта 3 и 4 за поставеноста на населбите во бронзеното и железното време

Ваков случај не е посведочен во Долното Повардарие, каде опожарените градови по течението на реката Вардар биле повторно обновени и останале да се развиваат низ целото железно време.

Од друга страна, присуството на наоди од групата на т.н. македонско – пајонски бронзи датирани од VIII до VI век пред Христа, во кои сигурно припаѓаат култното бронзено бокалче од локалитетот Моклишко Кале, и бронзениот топчест приврзок од локалитетот Градот, ни дозволува регионот на Тиквешијата да го определиме како територија која во железното време била населена од пајонските племиња.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


**АКРМ 1996**
Археолошка карта на Република Македонија, Том 2. Скопје: МАНУ, 1996

**Василева М. 1992**
Некрополата од железно време кај с. Рапеш. Macedoniae Acta Archaeologica 13: 69 – 80. Скопје, 1992

**Василевски С. 2015**
Рекогносцирање на праисториски локалитети околу Тиквешкото Езеро. Дипломски Труд. Скопје: Филозофски факултет Скопје, 2015 – необјавено

**Vasić R. 1987**
Centralnobalkanska regija. Praistorija Jugoslavenskih zemalja V: 690 – 693. Sarajevo, 1987

**Видески З. 1999**
Лисичин Дол – Марвинци – некропола од железното време – (истражувања 1997). Macedoniae Acta Archaeologica 15: 91 – 112. Скопје, 1999

**Видески З. 2006**
Димов Гроб – некропола од доцното бронзено време во с. Уланци кај Градско. Магистерски труд. Скопје: Филозофски Факултет Скопје, 2006

**Видески З. 2008**
Димов Гроб село Уланци Градско. Македонски Археолошки Преглед 1: 38 – 39. Скопје, 2008

**Винчиќ Ж. 1996**
Локалитети: Амидеа, Градиште, Бегова Падина, Хусков Рид, Грамаѓе, Белата Земја. АКРМ 2: 144, 146, 150, 153, 157, 235. Скопје: МАНУ, 1996

**Гарашанин Д. 1976**
Проблемот на датирањето на „македонска бронза" со посебен осврт на наодите од Радање. Macedonia Acta Archaeologica 2. 135 – 142. Прилеп 1976

**Гарашанин М. – Спасовска Г. 1976**
Нови ископувања во Зелениково кај Скопје. Macedonia Acta Archaeologica 2: 85 – 118. Прилеп, 1976

**Гарашанин М. – Симоска Д. 1976**
Контролни ископувања на Шуплевец и некои проблеми на групата Шуплевец – Бакарно Гумно. Macedonia Acta Archaeologica 2: 9 – 26. Прилеп, 1976

**Garašanin M. 1979**
Centralnobalkanska zona. Praistorija Jugoslavenskih zemalja II. Sarajevo 1979

**Garašanin M. 1983**
Panonsko – podunavska regija; Centralno balkanska regija. Praistorija Jugoslavenskih zemalja IV: 463 – 470; 773 – 778. Sarajevo, 1983

**Георгиев З. 1987**
Необјавени и нови наоди од Повардарјето. Годишен зборник на Филозофски Факултет Скопје 14 (40): 117 – 134. Скопје, 1987
.
**Ѓорѓиева В. 2001**
Метал – накит низ вековите во Тиквешијата. Каталог. Кавадарци, 2001

**Здравковски Д. 2006**
Генеза и развој на Анзабегово вршничката културна група. Докторски труд. Скопје: Филозофски факултет Скопје, 2006, 25 – 32

**Јанев Т. – Ѓорѓиева В. 2003**
Грнчарството во Тиквешијата низ вековите. Каталог. Кавадарци, 2003

**Јосифовска Б. 1996**
Локалитет Грамада. АКРМ 2: 146. Скопје: МАНУ, 1996

**Камчевски П. 2005**
Селото Ресава низ историјата. Кавадарци, 2005

**Канзурова Е. 2011**
Инвентарот на неолитската куќа во Република Македонија. Магистерски труд. Скопје: Филозофски факултет Скопје, 2011

**Константиновъ Ј. 1855**
ЛЮБЛЯНО – ПЕОНІЯ (ТИКВЕШЪ). Цареградски вѣстникъ. Истанбул, 1855

**Корошец Ј. 1956**
Заштитно истраживање у Демир Капији 1948 год. Зборник на Археолошки музеј Скопје 1: 90 – 105. Скопје 1956

**Крстевски Ц. - Соколовска В. 2005**
Нови наоди на Македонско – Пајонски бронзи. Macedonia Acta Archaeologica 16: 65 – 77. Скопје, 2005

**Кузман П. 1988**
Прилог кон проучувањето на некрополата од железно време кај Радолишта близу Струга. Macedonia Acta Archaeologica 9: 103 – 110. Скопје, 1988

**Кузман П. 1992**
Палеолитот во Македонија. Macedonia Acta Archaeologica 13: 9 – 18. Скопје, 1992

**Кузман П. 2009**
Плаошник, Охрид. Светско наследство: 54 – 60. Скопје, 2009

**Лилчиќ В. 1989**
Доцнежноантички тврдини во Тиквеш и Витачево. Годишен зборник на Филозофски Факултет Скопје 15 – 16: 124 – 125. Скопје, 1989

**Маленко В. 1975**
Нови сондажни и систематски археолошки ископувања на локалитетите Сува Чешма, Три Чељусти и Вртуљка, во подножјето на село Горенци. Macedonia Acta Archaeologica 1: 133 – 154

**Malez M. 1979**
Prirodni okviri, rad na istraživanju i nalazišta paleolitskog doba u Makedoniji. Praistorija Jugoslavenskih zemalja I: 407 – 449. Sarajevo, 1979

**Микулчиќ И. 1996**
Локалитети: Буеви Ниви, Влакно, Градиште, Богдашна Глава. Ѓорева Ливада. АКРМ 2: 231, 234, 235, 236. Скопје: МАНУ, 1996

**Миткоски А. 1999**
Железното време во Мариово, Тумулот I во Барата кај Чаниште. Македонско наследство 19: 27 – 42. Скопје, 1999

**Миткоски А. 2010**
Мариово низ праисторијата. Macedonia Acta Archaeologica 19: 60 – 62. Скопје, 2010

**Митревски Д. 1988**
Карактеристични форми на „Македонски бронзи" од наоѓалиштата по долината на Вардар. Macedoniae Acta Archaeologica 9: 88 – 97. Скопје, 1988

**Митревски Д. 1990**
Куново – Чуки кај Оризари, могила II. Macedonia Acta Archaeologica 11: 59 – 78. Скопје, 1990

**Митревски Д. 1996**
Локалитети: Водовратски Пат, Димов Гроб, Столот. АКРМ 2: 63, 82. Скопје: МАНУ, 1996

**Митревски Д. 1997**
Протоисториски заедници во Македонија, РЗЗСК XXVII: Скопје, 1997

**Mitrevski D. 1998**
New aspects of the Bronze Age Sites on the Northern Periphery of the Mycenaean World. Mensch und Umwelt in der Bronzezeit Europas: Oetker-Voges Verlag. Kiel, 1998

**Митревски Д. 1999**
Гробот на пајонската свештеничка од Марвинци. Macedoniae Acta Archaeologica 15: 81 – 82. Скопје, 1999

**Митревски Д. 2010**
Археолошки истражувања на Глоска Чука – Грчиште кај Валандово. Macedoniae Acta Archaeologica 19: 127 – 146. Скопје, 2010

**Митревски Д. и други. 2005**
Вардарски Рид – Том I. Филозофски факултет во Скопје. Скопје, 2005

**Митревски Д. 2013**
Праисторија во Република Македонија. Македонија, Милениумски културно – историски факти: Скопје, 2013

**Наумов Г. 2014**
Неолитски антропоморфизам и хибридност: Третманот на телото на Балканот од VII до V милениум пред н. е. Докторски труд. Скопје: Филозофски факултет Скопје, 2014

**Нацев Т. – Јованов М. 1996**
Орлова Чука – Тумул III. Macedoniae Acta Archaeologica 14: 45 – 56. Скопје, 1996

**Папазова Санев А. 2009**
Керамика од железното време по долината на Вардар. Магистерски труд. Скопје: Филозофски Факултет Скопје, 2009 – необјавено

**Папазова А. 2018**
Некрополите на Мали Дол. Каталог. Неготино, 2018

**Пашиќ Р. 1977**
Археолошки истражувања на локалитетот Сува Река во Гевгелија. Macedoniae Acta Archaeologica 3: 43 – 56. Прилеп, 1977

**Пашиќ Р. 1978**
Бронзени предмети од околината на Скопје. Macedoniae Acta Archaeologica 4: 59 – 64, Т1. 4 и 6. Прилеп, 1978

**Петачки Ѓ. 1996**
Локалитети Св. Илија, Главје. АКРМ 2: 62, 63. Скопје: МАНУ, 1996

**Петров, Г. 1896**
Материали по изучванието на Македония. Печатница Вълковъ, София, 1896

**Ристов Ј. 2015**
Рекогносцирање на праисториски локалитети по течението на реката Луда Мара. Дипломски труд. Скопје: Филозофски факултет Скопје, 2015 – необјавено

**Ристов К. 1992**
Сува Река – Гевгелија. Macedoniae Acta Archaeologica 13: 97 – 112. Скопје 1992

**Sanev V. 1987**
Čakovec naselba od Raniot i Sreden Neolit. Arheološki pregled 12: 39 – 40. Ljubljana, 1987

**Санев Г. 1999**
Нови наоди од Горно Поле – Балабаница, Штип. Macedoniae Acta Archaeologica 17: 63 – 67. Скопје, 1999

**Симоска Д. и Санев В. 1976**
Праисторија во централна Пелагонија. Битола, 1976

**Синадиновски П. 2014**
Рекогносцирање на праисториски локалитети во Раечката Клисура. Дипломски труд. Скопје: Филозофски факултет Скопје, 2014 – необјавено

**Синадиновски П. 2016**
Рекогносцирање на неолитски локалитети во Раечката Клисура. Неолитот во Македонија – нови сознанија и перспективи 1: 55 – 66. Скопје, 2016

**Станковски Ј. 2006**
Тумулот II на локалитетот Долинац – село Стрновац, општина Младо Нагоричане. Macedoniae Acta Archaeologica 17: 93 – 114. Скопје, 2006

**Станковски Ј. 2008**
Тумулот I од тумуларната некропола кај селото Стрновац, општина Старо Нагоричане. Macedoniae Acta Archaeologica 18: 135 – 152. Скопје, 2008

**Tasić N. 1979**,
Bubanj–Salcutsa–Krivodol kompleksot. Praistorija Jugoslavenskih zemalja III: 87 – 88. Sarajevo, 1979

**Темелкоски Д. 1999**
Енеолитска населба Крушеанска Чука. Macedoniae Acta Archaeologica 15: Скопје, 1999

**Трајковска Л. 1999**
Градиште – Пелинце – истражување во секторот две могили. Macedoniae Acta Archaeologica 15: 47 – 62. Скопје, 1999

**Хусеновски Б. 2005**
Милци 1997. Заштитно ископување. Macedoniae Acta Archaeologica 16: 89 – 118. Skopje, 2005

**History of Humanity I. 1996**
Prehistory and the Beginnings of Civilization. History of Humanity I: 196 – 601. Edited by S.J. De Laet, A.H. Dani, J.L. Lorenzo and R.B. Nunoo. 1996

**Шаламанов Коробар Љ. – Ѓуричиќ Љ. – Крумов И. 2005**
Типолошка анализа на литичкикот материјал од пробната сонда во пештерата Голема Пешт. Macedoniae Acta Archaeologica 18: 21 – 28. Skopje, 2005

## 6. ИЛУСТРАЦИИ

**Карта 1**
**Неолитски локалитети во Тиквешијата**

**Карта 2**
**Енеолитски локалитети во Тиквешијата**

**Карта 3**
**Бронзеновременски локалитети во Тиквешијата**

**Карта 4**
**Железновременски локалитети во Тиквешијата**

**ТАБЛА I**
**Форми на неолитски керамички садови од Бегово Поле**

**ТАБЛА II**
**Форми на неолитски керамички садови од Бегово Поле**

**ТАБЛА III**
**Форми на неолитски керамички садови од Бегово Поле**

**ТАБЛА IV**
**Форми на неолитски керамички садови од Бегово Поле**

**ТАБЛА V**
**Форми на неолитски керамички садови од Бегово Поле**

**ТАБЛА VI**
**Форми на неолитски керамички садови од Бегово Поле**

**ТАБЛА VII**
**Држалки од неолитски керамички садови од Бегово Поле**

**ТАБЛА VIII**
**Неолитски камени секирки од Бегово Поле**

**ТАБЛА IX**
**Неолитски камени алатки од Чаковец (1–7) и Бегово Поле (8–12)**

**ТАБЛА X**
**Неолитски камени и коскени алатки од Бегово Поле (1–3, 9) и Чаковец (4–8, 10–12)**

**ТАБЛА XI**
**Избор на неолитски накит и антропоморфни фигурини од Чаковец (1, 3), Градот (4–5), Бегово Поле (2, 6), Стоби (7) и Демир Капија (8)**

**ТАБЛА XII**
**Форми на енеолитски керамички садови од Градиште**

**ТАБЛА XIII**
**Форми на енеолитски керамички садови од Градиште**

**ТАБЛА XIV**
**Форми на енеолитски керамички садови и декорација од Градиште**

**ТАБЛА XV**
**Држалки од енеолитски керамички садови од Градиште**

**ТАБЛА XVI**
**Енеолитски камени алатки од Градиште (1–2, 4–8) и Попот (3)**

**ТАБЛА XVII**
**Монохромна и мат сликана керамика од доцното бронзено време од Димов Гроб (1–5, 7–8) и Водовратски Пат (6)**

**ТАБЛА XVIII**
**Монохромна и мат сликана керамика од доцното бронзено време од Димов Гроб**

**ТАБЛА XIX**
**Монохромна и мат сликана керамика од доцното бронзено време од Димов Гроб (1–4, 6–8) и Попот (5)**

**ТАБЛА XX**
**Монохромна керамика од доцното бронзено време од Димов Гроб (5–6) и керамика од преодниот период од Мали Дол (1–4)**

**ТАБЛА XXI**
**Монохромна и мат сликана керамика од доцното бронзено време од Мали Дол**

**ТАБЛА XXII**
**Бронзени игли од доцното бронзено време од Димов Гроб (1–6) и Мали Дол (7–9)**

**ТАБЛА XXIII**
**Бронзени ножиња од доцното бронзено време од Димов Гроб (1–7), Попот (8) и Мали Дол (9)**

**ТАБЛА XXIV**
**Делови од машки тоалетен сет и женски накит од Мали Дол (1–8) и Димов Гроб (9)**

**ТАБЛА XXV**
**Форми на керамички садови од рано железно време од Мали Дол (1–6) и декорација од полното железно време од Градот (7–8)**

**ТАБЛА XXVI**
**Керамика украсена со врежување и со користење на радло од полното железно време од Градот**

**ТАБЛА XXVII**
**Форми на керамички садови со врежана декорација од полно железно време од Градот**

**ТАБЛА XXVIII**
**Форми на керамички садови од полното железно време од Градот**

**ТАБЛА XXIX**
**Форми на култен накит од раното и полното железно време од Шесте Куќи (1 – 4), Моклишко Кале (5) и Градот (6)**

# T I



1.



2.



3.



4.



5.

# T II


1.


2.


3.


4.


5.

# T III


1.


2.


3.


4.


5.

# T IV



1.



2.



3.



4.



5.

# T V

1.


2.


3.


4.


5.


# T VI


1.


2.


3.


4.


5.

# T VII


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.

# T VIII



1.



2.



3.



4.



5.



6.

# T IX


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.


9.


10 .


11.


12.

**T X**



# T XI


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.

# T XII



1.



2.



3.



4.



5.

# T XIII



1.



2.



3.



4.



5.

# T XIV





1.





2.





3.





4.





5.

# T XV

1.  

2.  

3.  

4.  

5.  

# T XVI



1.



2.



3.



4.



5.



6.



7.



8.

# T XVII


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.

# T XVIII


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.

# T XIX


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.

# T XX



1.



2.



3.



4.



5.



6.

## T XXI


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.

# T XXII


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.


9.

# T XXIII


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.


9.

# T XXIV


1.


2.


3.


4.


5.


6.


7.


8.


9.

# T XXV



1.



2.



3.



4.



5.



6.



7.



8.

# T XXVI



1.



2.



3.



4.



5.





6.



# T XXVII



1.



2.



3.



4.



5.

# T XXVIII



1.



2.



3.



4.



5.

## T XXIX


1.


2.


3.


4.


5.


6.